Република Северна Македонија
Државен завод за статистика
Republika e Maqedonisë së Veriut
Enti shtetëror i statistikës
Republic of North Macedonia
State Statistical Office

unicef
for every child

# Профил на детската популација во Република Северна Македонија:

## Резултати од анализа на податоци за децата од Пописот на население домаќинства и станови 2021 и административни податоци

Декември 2023

## Содржина


*Извршно резиме* ... 3

*1. Вовед* ... 5

*2. Методолошки појаснувања* ... 5

2.1. Извори на податоци ... 6

2.2. Методолошки ограничувања ... 6

2.3. Видови анализи на податоците ... 7

*3. Состав на детската популација* ... 8

3.1. Попреченост кај детската популација ... 14

*4. Семејна структура* ... 16

*5. Здравствен статус на децата* ... 25

5.1. Имунизација на национално ниво за периодот 2016-2022 ... 25

*6. Образовен статус на децата* ... 42

6.1. Предучилишно образование и воспитување ... 42

6.2. Основно образование ... 44

6.3. Средно образование ... 47

6.4. Деца со попреченост во образовниот систем ... 51

*7. Деца – примателите на социјална помош и услуги* ... 57

7.1. Деца под алтернативна грижа ... 57

7.2. Посвојувања на деца ... 59

7.3. Корисници на додатоци за деца ... 60

*8. Деца жртви на насилство и сторители на кривични дела* ... 65

8.1. Деца жртви на насилство ... 65

8.2. Деца сторители на кривични дела ... 66

8.3. Пристап до механизми за заштита на човекови права ... 67

*9. Адолесцентски бракови и раѓања* ... 69

9.1. Раѓања кај адолесцентки ... 69

9.2. Адолесцентски бракови ... 70

*10. Економски карактеристики на децата на возраст над 15 години* ... 72

*11. Заклучок* ... 77

*Анекс – листа на табели и графикони* ... 80

## Извршно резиме

- Согласно резултатите од Пописот од 2021 година, вкупното резидентно население во Северна Република Македонија изнесува 1 836 713 лица. Од нив, 372 558 се лица на возраст од 0-17 години, односно 20,3% од вкупното резидентно население. Населението под 14 години возраст сочинува 16,9% од вкупното резидентно население. Анализата на податоците според полот покажува дека 192.145 деца се од машки пол (51,57 %), додека 180.413 (48,43 %) се од женски пол. Анализата на податоците според етничката припадност покажува дека 48,1% се Македонци, 31,2% Албанци, 4,9% Турци, 3,9% Роми, 3% припаѓаат на други етнички заедници. Потребно е да се забележи дека етничката припадност останува непозната за 8,8% од децата кои се попишани преку административни извори.
- Доколку го анализираме бројот на раѓања во периодот 2010-2022, може да се констатира дека се намалува бројот на раѓања, при што во 2022 се родиле 25,6 % помалку деца во споредба со 2010 година.
- Во Република Северна Македонија стапката на неонатална смртност значително варира во последната деценија со високи 10,2 смртни случаи на 1000 живородени во 2016 година и најниска стапка достигната во 2022 година од 1,4 смртни случаи на 1000 живородени. Анализата на податоците според етничката припадност на децата покажува повисок процент на смртни случаи меѓу деца од албанска и ромска етничка припадност.
- Од податоците со резултати од Пописот, може да се утврди дека кај 2255 деца или ниски 0,6% од детската популација на возраст 0-17 години е пријавен некаков вид спреченост да се извршува одредена функција. Меѓу децата за кои е пријавено постоење на одреден вид попреченост, 1357 или 60% се машки, додека 898 или 40% се женски. Доколку овој број го споредиме со бројот на малолетни лица кои користеле социјални услуги поврзани со попреченост во 2021 година (повеќе од 5000 деца), може да се заклучи дека изјаснувањето по прашањата од Вашингтонската група може да даде само парцијален увид во поглед на постоење попреченост во рамки на детската популација во државата.
- Доминантни се раѓања во семејства во кои партнерите се во брак – 88% од новороденчињата се родени во брачни, наспроти 12% кои се родени во вонбрачни заедници.
- Доколку ги анализираме податоците на национално ниво за имунизацијата во периодот 2016-2022, за вакцините Хепатит Б, МРП и ХПВ , може да се констатира дека во периодот под анализа не е постигнат опфат од 95% или повисок за ниту една вакцина на национално ниво. Постои значајно намалување на опфатот со вакцинација во периодот од 2020 година, односно од почетокот на пандемијата со Ковид 19. Во 2022 година се забележува извесно покачување на опфатот со вакцинација кај сите вакцини, при што сѐ уште останува да се достигнат нивоата од пред пандемијата. Најголем опфат има вакцината против Хепатитис Б, која во 2022 имала опфат од 84,1% на национално ниво; најнизок опфат конзистентно има ХПВ вакцината, со која опфатот бил највисок во 2019 година (57,8%), а најнизок во 2021 (35,5). Во 2022 година опфатот со оваа вакцина расте и се приближува до предпандемиските нивоа - 52,5%.
- Кога станува збор за деца во институции за предучилишно образование и воспитување, податоците на национално ниво за периодот 2011-2022 година покажуваат зголемување за 55%, од 23157 на 35932 деца кои посетуваат предучилишни установи во Република Северна Македонија. Анализата на податоците според процентот на деца опфатени во системот на предучилишно воспитување споредено со бројот на деца на соодветната возраст попишани во 2021 година покажа дека опфатот на деца во предучилишни установи изнесува 43,6%.
- Согласно податоците за запишување на ученици во основно образование за периодот 2010-2022 година, се забележува континуиран тренд на раст, со мали варијации, на бруто и нето стапките на запишување учесници во основно образование. Кога станува збор за стапките на запишување во средно образование, во периодот под анализа тие остануваат под нивото на стапките на запишување во основно образование и покрај фактот што средното

образование е задолжително во Република Северна Македонија - помеѓу 78,9 и 85,6. Позначајни полови разлики кај запишаните во средно образование се забележуваат кај турската, ромската, влашката и бошњачката етничка заедница, при што процентот на запишани ученици од машки пол покажува поголеми отстапувања од генералната полова дистрибуција на населението на оваа возраст. Кога станува збор за видот на образовна установа што ја посетуваат, може да се констатира дека значително е повисок бројот на ученици со попреченост што посетуваат специјални училишта, отколку ученици што се вклучени во редовни училишта.

- Согласно стратешките заложби на државата за деинституционализација, се забележува континуиран тренд на намалување на бројот на деца кои влегле во формална резиденцијална грижа во текот на годината, од 119 во 2015 година, на само 4 во 2022 година.
- Доколку се направи споредба на податоците во периодот 2011-2022, најголеми варијации се забележуваат во бројот на корисници на детски додаток; бројот на корисници на посебен додаток покажува мали варијации, додека бројот на корисници на еднократна парична помош за прво новороденче има тенденција на намалување; бројот на корисници на ваква помош за второ новороденче е речиси двојно зголемен во последните три години.
- Во поглед на децата – жртви на насилство и криминал регистрирани од страна на полицијата, податоци се достапни за периодот 2018-2022, при што можат да се забележат значајни варијации во бројот на регистрирани случаи, од 153 случаи во 2021, до 1104 случаи во 2022. Кога станува збор за вкупниот број на деца жртви на насилство регистрирани во рамки на центрите за социјална заштита бројот варира низ годините, од 125 случаи во 2020 година, до 384 во 2022 година. Доколку ги споредиме агрегираните податоци според возрасни групи, може да се констатира дека почесто се регистрирани жртви на насилство во рамки на возрасните групи 6-10 години и 11-14 години.
- Во рамки на групата адолесцентки на возраст 15-19 години, во рамки на Пописот 1000 девојки изјавиле дека имале родено едно или повеќе деца. Стапката на раѓања кај адолесцентки изнесува 20 раѓања (19,7) на 1000 девојки на возраст 15-19 години. Доколку резултатите ги споредиме со Мултииндикаторското кластерско истражување (МИКС) , што во Република Северна Македонија беше спроведено во 2018 и 2019 година, на примерок од повеќе од 4000 домаќинства, постои незначително намалување на стапката на раѓања меѓу адолесцентки, од 21 на 20.
- Кога станува збор за адолесцентски бракови, на ниво на држава тие се почести кај девојчињата отколку кај момчињата – резултатите од спроведениот Попис покажуваат дека во 2021 година имало 260 момчиња на возраст 15-19 години кои изјавиле дека се во брак, наспроти 1355 девојчиња со ист брачен статус.
- Од вкупното работоспособно население на 15 години – 20212, 2% или 339 се активни. Од 339 активни млади на 15 години, 20% или 69 се вработени, останатите 80% или 270 млади се невработени.

# 1. Вовед

Совладувањето на специфичните предизвици со кои се соочува детската популација во Република Северна Македонија неопходно бара соодветна база на сознанија врз основа на кои би се дизајнирале релевантни и ефективни решенија. Реализацијата на Пописот на населението, домаќинствата и становите во септември 2021 година претставува единствена можност да се добијат сознанија за различните аспекти од животот на децата во државата.

Во 2023 година, канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија, во соработка со националните партнери, започна формирање на база на податоци за децата во државата со цел развивање на демографски профил на детската популација во Северна Македонија. Овој извештај претставува резултат на анализата на базата на податоци во различни области. Сознанијата стекнати низ анализата имаат за цел да идентификуваат сфери каде е неопходно вложување нови или поинтензивни напори за унапредување на квалитетот на живот на децата.

Формирањето на базата на податоци и анализата на податоците се одвиваше во периодот септември-декември 2023. Главни извори на информации претставуваат Пописот на населението, домаќинствата и становите реализиран во 2021 година, податоци од виталните статистики на Државниот завод за статистика (ДЗС), како и административни податоци за децата во различни сфери собирани од страна на институциите кои се дел од статистичкиот систем на државата (овластени носители) и се објавувани во рамки на *Програмата за статистички истражувања 2018-2022*.

# 2. Методолошки појаснувања

Целта на задачата беше да се изработи демографски профил за децата во Северна Македонија со цел подобро да се разбере демографската динамика на оваа група и да се поддржат релевантните засегнати чинители во развивањето политики засновани на докази кои ги адресираат потребите на децата.

Прв резултат од истражувањето е конструирање на база на податоци која ги покрива клучните области од интерес.

Втор резултат од истражувањето претставува анализа на секундарни податоци (компилирани во базата на податоци конструирана за потребите на ова истражување) и изработка на аналитички извештај кој ги покрива следните сфери:

- Состав на детската популација во Република Северна Македонија (според следните клучни варијабли за расчленување: возраст, пол, етничка припадност, место на живеење (урбана/рурална средина), регион, попреченост, и други);
- Структура на семејствата со деца
- Деца под алтернативна грижа
- Деца – приматели на социјална помош и услуги
- Адолесцентски бракови и раѓања
- Работен статус на децата на возраст на 15 и повеќе години
- Образование на деца

Извештајот, покрај анализата на секундарни податоци, содржи и табели и визуелизации (графикони).

Целите на истражувањето се врзани за специфична група од популацијата – децата. Согласно Конвенцијата на ОН за правата на детето, деца се „лицата под 18-годишна возраст“[1], односно со истражувањето беа опфатени лицата на возраст 0-17 години.

Дополнително, за различни потреби во текот на анализата, возраста на испитаниците беше групирана во неколку категории, заради полесна обработка и визуелизација на податоците. Референтна година за анализа на податоците е 2021 година. Со оглед на тоа што Република Северна Македонија реализираше Попис на населението и домаќинствата во септември 2021 година, по речиси дводецениски период, можноста да се користи богатството на податоци од Пописот, ја прави 2021 најсоодветна за референтна година на анализата. Ова имплицира дека и податоците од други извори ќе се бараат за периодот 2021 година (односно 1 јануари – 31 декември 2021 година), со цел да се обезбеди методолошка конзистентност на анализата. Во консултација со УНИЦЕФ и тимот на ДЗС беше одлучено дека опфатот на години за одредени податоци може да се прошири, при што беа вклучени повеќегодишни податоци од статистички истражувања кои имаат целосен опфат на целната популација.

Имено, одредени области за анализа користат податоци од статистички истражувања во доменот на виталните статистики кои ги објавува ДЗС, што остава можност опсегот на податоци и анализата да имаат повисок опфат на години. Ова е корисно од аспект што овозможува идентификување на трендови наспроти анализа на едногодишен пресек во состојбите во одредена област.

## 2.1. Извори на податоци

Реализацијата на задачата се базира на секундарни извори на податоци (податоци веќе собрани од релевантни засегнати страни за различни цели). Значаен извор на релевантни податоци за анализата се податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите, реализиран во септември 2021 година. Пописот претставува богат извор на основни податоци и информации за детската популација и нејзините карактеристики според различни особини.  ДЗС ги објави прелиминарните резултати од пописот на 30 март 2022. Финалните резултати од Пописот според поединечни области беа објавувани во повеќе фази до крајот на 2022 година. За јавноста, податоците од Пописот и соодветните табели се достапни во рамки на МАКСТАТ базата на веб страницата на ДЗС[2]. Иако јавно достапните податоци покриваат значаен дел од потребите од податоци за анализата, за одредени области во соработка со ДЗС беа изработени табели кои се фокусирани на возрасната рамка на испитаници (0-17,99 години) за анализата.

Дополнителни извори на податоци се податоците кои се собираат од страна на надлежните институции – Министерството за труд и социјална политика, Институтот за јавно здравје, Министерството за образование. Овие институции се овластени носители на податоци и дел од статистичкиот систем на државата, па значаен дел од овие податоци се проследуваат до носителот – ДЗС и се дел од МАКСТАТ базата на ДЗС. Сепак, не сите податоци се дел од базата и дел од нив не се во потребниот формат за реализација на целите на анализата. Затоа, за потребите на задачата, беа побарани сетови на податоци од релевантните области од надлежните институции задолжени за нивно прибирање.

## 2.2. Методолошки ограничувања

На опсегот на анализата влијаат неколку ограничувања во поглед на податоците. Прво, постојат ограничувања од аспект на достапноста на податоците. Ова е релевантно особено во поглед на користењето секундарни податоци кои не произлегуваат од Пописот, односно административни податоци собирани од надлежни институции во различни области. Дополнително, потребно е да се забележи дека дел од резидентното население го бојкотираше

[1] Член 1 од Конвенцијата за правата на детето, достапна онлајн на: https://www.unicef.org/child-rights-convention/convention-text

[2] Достапна на: https://makstat.stat.gov.mk/

пописот и дека со користењето комбинирана методологија на теренско попишување и користење на податоци од административни регистри, за дел од резидентното население податоци беа добиени исклучиво од административни извори, при што бројот на лица кои биле попишани преку административни регистри изнесува 132 260 или 7.20% од резидентното население. Поради ова, одредени белези како етничката припадност, статусот на попреченост според Вашингтонската група прашања, кои се собираат преку теренско попишување, не се регистрирани за населението попишано преку административни извори.Второ, во поглед на карактеристиката попреченост, постојат ограничувања во поглед на достапноста на податоците и методолошката конзистентност во собирањето на податоци според оваа категорија. Со Пописот во 2021 година се прибираат и податоци за општата здравствена состојба на лицата - единици на Пописот. Целта на вклучувањето на оваа група прашања е од Пописот да се обезбедат податоци за бројот на лицата кои поради својата општа здравствена состојба имаат потешкотии во извршувањето на секојдневните активности, според видот и нивната територијална разместеност, а кои во иднина ќе послужат како статистичка рамка за примерочни истражувања за лицата со ваков вид потешкотии. Сетот на прашања за лицата со попреченост е во согласност со препораките на Вашингтонската група[3] за прашањата во Пописот,а поврзани со потешкотиите со кои се соочуваат овие лица. група прашања) за вклучување на попреченоста како релевантен белег на населението. Согласно методолошките насоки, податоците за попреченост се собираа врз основа на прашања на попишувачите поставувани на сите попишани лица, без оглед на тоа дали попреченоста е видлива или не и дали на било каков начин е регистрирана во било која институција. Потребно е да се доелаборира, дека вклучувањето на оваа група прашања не претставува опфат на популацијата со попреченост и дека за подобар увид во состојбата упатно е да се консултираат други извори на податоци. Извор на податоци може да бидат податоците од Функционалната проценка на деца и млади согласно Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ), процес во кој се вклучени Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и Министерството за образование, како и податоците за корисници на социјални услуги поради попреченост. Потребно е да се напомене дека поради различните методолошки пристапи неопходно е да се има методолошка резерва при толкувањето и споредбата на податоците.

Конечно, непостоењето повеќегодишни податоци од одредени области ги ограничи капацитетите за анализа на трендови. Како што беше нагласено на почетокот, 2021 година претставува референтна година за сите анализи. Во областите од кои се достапни повеќегодишни податоци (на пример, витални статистики) беа вклучени повеќегодишни податоци, во консултација со тимот на УНИЦЕФ и ДЗС.

### 2.3. Видови анализи на податоците

Со оглед на структурата на податоците врз основа на кои ќе се работи анализата (табели на агрегирани податоци), беше направена дескриптивна анализа на податоците, вклучително и анализа според клучните карактеристики на дисагрегација.

[3] https://www.washingtongroup-disability.com/question-sets/

## 3. Состав на детската популација

Во рамки на поглавјето *Состав на детската популација*, се разгледуваат клучните параметри на демографската динамика на детската популација во Република Северна Македонија. Главни извори на податоци претставуваат податоците од Пописот од 2021 година, како и податоци од виталните статистики продуцирани од ДЗС.

Согласно резултатите од Пописот реализиран во септември 2021 година, вкупното резидентно население во Северна Република Македонија изнесува 1 836 713 лица. Од нив, 372 558 се лица на возраст од 0-17 години, при што детската популација сочинува 20,3% од вкупното резидентно население регистрирано со Пописот. Населението под 14 години возраст сочинува 16,9% од вкупното резидентно население, што е слично со процентот на оваа популација во развиени држави кои се соочуваат со предизвиците на стареење на населението и каде младото население не надминува 17% од вкупното резидентно население.

Анализата на податоците според полот покажува дека 192.145 деца се од машки пол (51,57 %), додека 180.413 (48,43 %) се од женски пол.

Доколку го анализираме уделот на детската популација во рамки на вкупното население во рамки на регионите (Табела бр. 1), населението на возраст под 18 години во повисок процент е застапено во Полошкиот и Скопскиот регион, а најниско во Источниот регион[4].

Табела бр. 1. Удел на население на возраст 0-17 години во вкупното резидентно население, според регион.

| По региони (0-17 години): | % од популација во регион |
|---|---|
| **Вардарски** | 18,7 |
| **Источен** | 16,7 |
| **Југозападен** | 19,4 |
| **Југоисточен** | 18,8 |
| **Пелагониски** | 18,1 |
| **Полошки** | 22,3 |
| **Североисточен** | 20,6 |
| **Скопски** | 22,0 |

Регионалната дистрибуција на резидентното население (прикажана во рамки на Графикон бр. 1), го презентира уделот на резидентното население во регионот, но и населението на возраст 0-17 години, во рамки на вкупното население од оваа возрасна група. Од графиконот евидентно е дека населението од Скопскиот регион има најголем удел во вкупното население (речиси една третина од вкупното резидентно население живее во скопскиот регион). Скопскиот регион исто така има и највисок удел на детска популација во вкупната детска популација во државата, при што потребно е да се нагласи дека Скопскиот, Полошкиот и Североисточниот регион се региони каде се забележува повисок удел на популација 0-17 од вкупната популација во регионот.

[4] Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите 2021, МАКСТАТ база.

Графикон бр. 1. Удел на вкупното население и населението на возраст 0-17, според регион.




Расчленувањето на податоците за детската популација според местото на живеење (урбана-рурална средина) покажува дека најголемиот дел од детската популација, речиси две третини - 62,5% живее во урбани населени места[5] (Графикон бр. 2).

Графикон бр. 2. Население на возраст 0-17 години, според тип на населено место (урбано/рурално), во проценти.




Анализата на податоците според етничката припадност на децата[6] од 0-17 години возраст покажува дека 48,1% од децата чија етничка припадност е регистрирана во рамки на Пописот се етнички Македонци, 31,2% Албанци, 4,9% Турци, 3,9% Роми, 3% припаѓаат на други етнички заедници (Табела бр. 2). Потребно е да се забележи дека етничката припадност останува непозната за 8,8% од децата кои се попишани преку административни извори.

[5] Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите 2021, МАКСТАТ база.
[6] Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите 2021, МАКСТАТ база.

Табела бр.  2. Население на возраст 0-17 години, според етничка припадност, според број и процент во вкупната популација на оваа возраст.

| Етничка припадност | Број | Процент |
|---|---|---|
| **Македонска** | 179151 | 48,1 |
| **Албанска** | 116279 | 31,2 |
| **Турска** | 18252 | 4,9 |
| **Ромска** | 14663 | 3,9 |
| **Влашка** | 1142 | 0,3 |
| **Српска** | 2996 | 0,8 |
| **Бошњачка** | 3764 | 1,0 |
| **Останати** | 3255 | 0,9 |
| **Не се изјасниле** | 135 | 0,0 |
| **Администраивни извори** | 32843 | 8,8 |
| **Непознато** | 78 | 0,0 |
| **Вкупно** | 372558 | 100,0 |

Доколку го анализираме бројот на раѓања во периодот 2010-2022, може да се констатира дека со исклучок на привремен период на благ раст помеѓу 2012-2016 година, се намалува бројот на раѓања, при што во 2022 се родиле 25,6 % помалку деца во споредба со 2010 година[7], односно од 24296 родени деца во 2010 година, на 18073 деца во 2022 година, или разлика од 6223 раѓања.

Бројот на раѓања е во опаѓање и во сите региони без исклучок, при што Југоисточниот регион се издвојува според најголемиот пад во бројот на родени деца (пад од 39,7 % помеѓу 2010 и 2022), следен од Пелагонискиот регион (пад од 34,1 %), додека најмало намалување во бројот на раѓања е забележано во Скопскиот регион (12,1 %)[8].

Графикон бр. 3. Број на раѓања за период 2010-2022 година, Република Северна Македонија и според региони.




[7] Извор: Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.
[8] Извор: Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.

Кога станува збор за половата структура при раѓање[9], на ниво на држава се забележуваат варијации помеѓу годините на анализа (од 2010 до 2022 година). Имено, половите се природно нееднакво застапени при раѓање при што се раѓаат повеќе машки од женски деца (со варијации од 103 до 107 момчиња на 100 девојчиња). Поголемо отстапување од наведеното може да упатува на пракса на селективност во поглед на полот на детето. Анализата на податоците за родените според полот во Република Северна Македонија помеѓу 2010 и 2022 година покажуваат благо отстапување од „очекуваната“ полова стапка[10] со варијации од 104 момчиња на 100 девојчиња (2021 година) до 110 момчиња на 100 девојчиња (2018 година). Ваквите отстапувања може да претставуваат индикација за постоење на пракса на селективност во поглед на полот на детето.

Графикон бр. 4. Соодност на полови при раѓање (број на родени деца од машки пол на 100 родени деца од женски пол) во Република Северна Македонија, за период 2010-2022.




Првиот месец од животот на новороденчињата е најранливиот период за нивното преживување. Неонаталната смртност се однесува на смртните случаи на новороденчиња пред да наполнат 28 дена живот. Стапката на неонатална смртност, односно бројот на починати новороденчиња пред да навршат 28 дена живот во 2021 изнесуваше 18 смртни случаи на 1000 живородени деца во светски рамки. Ова е речиси преполовување на глобалната стапка на неонатална смртност од 1990 година, кога таа изнесувала 37 смртни случаи на 1000 живородени. Просекот во рамки на Европската унија (ЕУ) во 2021 година изнесувал 2,1 смртен случај на 1000 живородени[11].

Во Република Северна Македонија стапката на неонатална смртност (Графикон бр. 5) значително варира во последната деценија со високи 10,2 смртни случаи на 1000 живородени во 2016 година и најниска стапка достигната во 2022 година од 1,4 смртни случаи на 1000 живородени[12].

---

[9] Извор: Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.
[10] Од околу 105 момчиња на 100 девојчиња, според Светската здравствена организација.
[11] Стапка пресметана како просечна вредност на медијалните стапки на неонатална смртност во рамки на државите-членки на ЕУ. Извор на податоци е базата УНИЦЕФ: https://data.unicef.org/topic/child-survival/neonatal-mortality/#:~:text=The%20first%2028%20days%20of,1%2C000%20live%20births%20in%201990.
[12] Извор: Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.

Графикон бр. 5. Стапка на неонатална смртност во Република Северна Македонија, 2010-2022.




Графикон број 6 ги прикажува апсолутните броеви на умрени доенчиња под едногодишна возраст за периодот 2010-2022 година[13]. Се забележува дека трендот, генерално земено, го следи трендот констатиран кај неонаталната смртност, при што најголем број смртни случаи се забележани во 2016 година (273) а најмалку во 2022 година – 58.

Графикон бр. 6. Број на умрени доенчиња во Република Северна Македонија, 2010-2022.




Анализата на податоците според етничката припадност на децата покажува повисок процент на смртни случаи меѓу деца од албанска и ромска етничка припадност (Графикон бр. 7). Кај децата од овие етнички заедници во континуитет се забележува повисок процент на смртни случаи во првата година од животот споредено со уделот на деца од овие етнички заедници во соодветните години. Анализата на податоците за новородени деца според етничката припадност на мајката[14] како и според етничката припадност на умрени доенчиња, покажува дека одредени заедници имаат поголем удел во смртните случаи кај доенчињата на возраст до

[13] Извор: Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.

[14] Како најприближна референца за етничката припадност на детето. Изборот е направен бидејќи не постои податок кој дава точна информација за етничката припадност на новороденчињата во дадена година.

една година. Таков е случајот со албанската и ромската етничка заедница. Имено, во просек 32-26% од новороденчињата на годишно ниво се од мајки од албанската етничка заедница; уделот на деца од албанска етничка припадност во рамки на смртните случаи на доенчиња до една година во периодот 2010-2022 се движи од 29% до високи 55%. Кај ромската заедница, чиј удел во вкупниот број новородени деца на годишно ниво е меѓу 6-7%, уделот во вкупниот број смртни случаи на доенчиња се движи од 5% (2016) до 18% (2021).

Графикон бр. 7. Смртни случаи кај доенчиња под една година возраст, според етничка припадност, во проценти.




Слични варијации се забележуваат и кај стапката на смртност кај деца под петгодишна возраст (Графикон бр. 8). Се забележуваат значајни варијации низ годините, при што 2016 година е годината во која е достигнат десетгодишен максимум – 12,9 смртни случаи на 1000 деца, со тренд на намалување до десетгодишниот минимум од 2022 година – 3,8 смртни случаи на 1000 деца под петгодишна возраст, што претставува приближување до просечната стапка меѓу државите-членки на ЕУ во 2021, која изнесувала 3,7 смртни случаи на 1000 деца[15].

[15] Пресметано како просечна вредност на медијалната стапка на смртност кај деца под петгодишна возраст во рамки на државите-члени на ЕУ. Податоците се преземени од базата на УНИЦЕФ, достапна на: https://data.unicef.org/resources/dataset/under-five-mortality-data/

Графикон бр. 8. Стапка на смртност кај деца под петгодишна возраст, 2010-2022.




## 3.1. Попреченост кај детската популација

Податоците за попреченост кај детската популација во Република Северна Македонија претставуваа најголем предизвик за оваа анализа. Како релевантни извори на податоци за попреченост беа користени резултатите од Пописот, во чии рамки беше вклучен блок прашања од Вашингтонската група прашања за попреченост. Притоа, потребно е да се забележи дека оваа група прашања не може да го даде дефинитивниот одговор за постоење на попреченост, туку да индицира можност за постоење на попреченост. Дополнителен извор на податоци претставуваат административните податоци од Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование, кои се презентирани во поглавјата за социјална заштита на деца и образование. Согласно ова, единствена база за податоци за попреченост кај децата во Северна Македонија сè уште не постои и имаме само парцијален увид во уделот на деца со попреченост во различни регистри.

Од податоците со резултати од Пописот, може да се утврди дека кај 2255 деца или ниски 0,6% од детската популација на возраст 0-17 години е пријавен некаков вид спреченост да се извршува одредена функција. Покрај 76,6% од одговорите каде се негира постоење на отежнатост за обавување одредена функција, 8,8% од децата се попишани преку административни регистри и за нивниот статус во поглед на постоење попреченост не постојат информации. Во дополнителни 13,4% статус на постоење попреченост според оваа група прашања останува непознат. Доколку овој број го споредиме со бројот на малолетни лица кои користеле социјални услуги поврзани со попреченост во 2021 година (повеќе од 5000 деца), може да се заклучи дека изјаснувањето по прашањата од Вашингтонската група може да даде само парцијален увид во поглед на постоење попреченост во рамки на детската популација во државата.

Меѓу децата за кои е пријавено постоење на одреден вид попреченост, 1357 или 60% се машки, додека 898 или 40% се женски. Анализата на податоците според видот на попреченоста (кај децата кај кои во рамки на Пописот е пријавено дека се соочуваат со потешкотии при извршувањето на одредени функции) покажува дека највисок процент припаѓа во категоријата „други потешкотии“, кои не се експлицитно дефинирани; по нив следуваат потешкотии во комуникацијата, со кои се соочуваат 21,8% од пријавените случаи, 19% имаат потешкотии со

видот, додека 15,5% имаат потешкотии со движењето. Со слухот потешкотии имаат 3,9% од пријавените случаи (Табела бр. 3).

Табела бр. 3. Резидентно население на возраст 0-17 години, за кое е констатирана потешкотија во извршување на одредени функции, според видот на потешкотијата.

| Вид на попреченост | Број | Процент |
|---|---|---|
| **Движење** | 349 | 15,5 |
| **Вид** | 428 | 19,0 |
| **Слух** | 89 | 3,9 |
| **Комуникација** | 491 | 21,8 |
| **Други потешкотии** | 898 | 39,8 |
| **Вкупно** | 2255 | 100,0 |

Анализирано според регионот на живеење, повеќе од една третина од децата кај кои е пријавена потешкотија при обавување на одредена функција се од Скопскиот регион; следни се Пелагонискиот и Полошкиот регион, додека најмал број на вакви случаи е пријавен меѓу децата од Југоисточниот регион.

Графикон бр. 9. Резидентно население на возраст 0-17 години со потешкотии за обавување одредени функции, според регион, во проценти.




Неопходно е да се забележи дека бројот на случаи констатирани со Пописот не може да се смета за релевантен опфат на детската популација со попреченост во државата. Прашањата од Вашингтонската група не обезбедуваат сеопфатност на различните аспекти и манифестации на попреченоста, при што, во отсуство на други извори на податоци, треба да се консултираат и податоците собрани од Министерството за труд и социјална политика за деца – корисници на социјални услуги врз основа на попреченост. Податоците за овие деца, како и образовниот статус на деца со попреченост е дискутиран во рамки на други поглавја од овој извештај.

## 4. Семејна структура

Главниот извор на податоци за семејната структура претставува Пописот на населението, домаќинствата и становите реализиран во септември 2021 година. Со оглед на тоа што податоците се собирани на ниво на домаќинство, така ќе бидат презентирани и во рамки на ова поглавје. Не беше можно да се екстрахираат податоци според поединечни години на возраст и податоците што се презентирани се однесуваат на вкупниот број на лица – деца и возрасни, кои живеа во одреден тип семејство. Ова дава посреден, но сепак корисен преглед на структурата на домаќинствата и специфичните видови семејства и домаќинства во државата.

Од вкупното попишано население во септември 2021 година, 6% или 103237 живеат во едночлени домаќинства, 18% или 321432 живеат во домаќинства со два членови, 19% или 347208 живеат во домаќинства со три членови, 25% или 468336 живеат во домаќинства со четири членови, 15% или 275520 живеат во домаќинства со пет членови, 9% или 164508 живеат во домаќинства со шест членови, 4% или 77448 живеат во домаќинства со седум членови, 2% или 32544 со осум членови, 1% или 16920 во домаќинства со девет членови, а 2% или 29560 живеат во домаќинства со десет или повеќе членови. Доколку ја анализираме дистрибуцијата на членови во домаќинство според типот на населено место (урбано-рурално), може да се констатира дека во руралните средини почести се домаќинства со повеќе од пет членови. Имено, 74% од населението во урбани средини живее во домаќинства до 4 членови, наспроти 58% од населението од рурални средини кои живеат во домаќинства со истата големина.

Малку повеќе од една четвртина, односно 26% од населението во урбани средини живее во домаќинства со пет или повеќе членови; додека за населението што живее во рурални средини овој процент изнесува 42%.

Графикон бр. 10. Резидентно население според бројот на членови во домаќинството, во проценти, Попис 2021.



Високи 93% од населението живее во семејни домаќинства[16] (92% за население од урбани, а 94% за населението од рурални средини). Во рамки на населението што живее во семејни домаќинства, 82% живеат во домаќинства каде живее едно семејство, а 18% во домаќинства каде заедно живеат повеќе семејства. Повеќе од половината од семејните домаќинства (54%) претставуваат семејства на брачни парови кои имаат деца. Вакви се 56% од семејните домаќинства во урбаните средини и 51% од семејните домаќинства во рурални населени места. Доколку ја разгледаме дистрибуцијата на број на членови во семејни домаќинства на брачни парови со деца според типот на место на живеење (урбана/рурална средина), може да се заклучи дека во руралните средини има повисок процент резидентно население кое живее во вакви домаќинства кои бројат пет или повеќе членови.

Графикон бр. 11. Резидентно население кое живее во семејни домаќинства на брачни парови со деца, според број на членови во семејството, според тип на населено место, во проценти, Попис 2021.




Големо мнозинство од резидентното население кое живее во семејни домаќинства на брачни парови со деца – 84%, живеат во домаќинства составени од брачен пар, нивните деца и без други лица. Ова се однесува на 85,4% од населението кое живее во урбани средини и 81,7% од населението во рурални населени места.

Доколку ја разгледаме дистрибуцијата според тип на населено место и број на членови во домаќинството, повторно може да се констатира дека повисок процент од резидентното население кое живее во рурални населени места живее во домаќинства со пет или повеќе членови, што наведува на заклучок дека домаќинствата во кои живеат брачни парови со деца од рурални средини се домаќинства со просечно повисок број на деца.

[16] Терминологија преземена од ДЗС. Согласно дефиницијата со која оперира ДЗС, „домаќинство е секоја семејна или друга заедница на лица во која тие заедно живеат и заеднички ги трошат своите приходи за подмирување на основните животни потреби (домување, исхрана и друго), без оглед на тоа дали сите членови постојано се наоѓаат во местото каде што е населено домаќинството“. Согласно член 2 од Законот за семејство, семејство „е животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство“. Во овој случај категоријата семејни домаќинства се однесува на лица кои се наоѓаат во брачна, родителска или друга роднинска врска и живеат во исто домаќинство.

Графикон бр. 12. Резидентно население што живее во домаќинства на брачни парови со деца без други лица, според тип на населено место, во проценти, Попис 2021.




Значително понизок процент од резидентното население што живее во семејни домаќинства на брачни парови со деца живее и со други лица во домаќинството – 16%; овој процент е повисок за населението што живее во руралните (18%), наспроти урбаните населени места (15%).

Доколку ја анализираме дистрибуцијата на населението според бројот на членови во домаќинството и типот на населеното место, може да се заклучи дека повисок процент од населението кое живее во семејни домаќинства на брачни парови и деца со други лица во рурални населени места во повисок процент живее во домаќинства со четири, пет, шест и седум членови.

Графикон бр. 13. Резидентно население што живее во домаќинства на брачни парови со деца со други лица, според тип на населено место, во проценти, Попис 2021.



Значајно низок процент од резидентното население живее во домаќинства составени од невенчани парови со деца – 0,7%; доколку податоците ги анализираме според типот на населено место, овој процент е малку повисок за населението во урбаните населени места (0,8%), за разлика од руралните (0,5%). Најголем дел од населението што живее во домаќинства на невенчани парови со деца, немаат други лица што живеат со нив во домаќинството – 86% (урбани – 86%, рурални – 84%). Доколку ја разгледуваме дистрибуцијата на број на членови на домаќинството според типот на место на живеење, може да се констатира дека не се забележуваат позначајни разлики помеѓу населението што живее во рурални и урбани населени места.

Графикон бр. 14. Резидентно население што живее во домаќинства со невенчани парови и деца без други лица, според тип на населено место, во проценти, Попис 2021.




Значително понизок процент од населението што живее во домаќинства на невенчани парови и деца живее и со други лица во домаќинството – 14% (14% - урбани, 16% - рурални). Доколку ги споредиме податоците според број на членови во домаќинството и типот на населено место може да се констатира дека населението од урбани населени места почесто живее во домаќинства со четири и пет членови, додека процентот кај населението од рурални места е повисок и кај домаќинствата со шест лица.

Графикон бр. 15. Резидентно население што живее во домаќинства со невенчани парови и деца со други лица, според тип на населено место, во проценти, Попис 2021.




Кога станува збор за населението што живее во семејни домаќинства со еден родител и деца, податоците од пописот покажуваат дека 6% од населението живее во домаќинства на мајка со дете/деца. Овој процент е нешто повисок меѓу населението од урбани населени места – 7%, за разлика од населението што живее во рурални места – 5%. Голем дел од оваа група население – 85% живее во домаќинства составени од мајка и дете/деца, но без други лица. Доколку ги разгледуваме податоците според бројот на членови на домаќинството и типот на населено место, се забележува дека населението од рурални населени места во повисок процент живее во домаќинства во кои бројот на членови над 4, односно може да се заклучи дека во руралните средини има повисок процент на домаќинства за кои се грижи единствено мајката, но има поголем број на деца.

Графикон бр. 16. Резидентно население што живее во семејни домаќинства на мајка со деца без други лица, според типот на населено место, во проценти, Попис 2021.




Значително понизок процент од населението живее во семејни домаќинства составени од мајка со дете/деца со други лица од домаќинството – 17% (16% - урбани, 19% - рурални). Доколку податоците се разгледуваат според типот на населено место, може да се констатира дека повисок процент од населението од рурални населени места живее во домаќинства со пет или повеќе членови во споредба со населението од урбани средини.

Графикон бр. 17. Резидентно население што живее во семејни домаќинства на мајка со деца со други лица, според типот на населено место, во проценти, Попис 2021.




Само 2% од резидентното население попишано во 2021 живеело во семејни домаќинства составени од татко со деца (со и без други лица). Овој процент е ист кај населението што живее во урбани и рурални населени места. Споредено со домаќинствата каде единствен родител е

мајката, нешто понизок е процентот на население што живее во семејни домаќинства составени од татко и дете/деца без други лица – 79%. Овој процент е речиси ист за населението што живее во урбани и рурални населени места. Доколку податоците за бројот на членови во домаќинството се разгледуваат според типот на населено место, кај населението од рурални населени места се забележува повисок процент на лица што живеа во домаќинства со четири или повеќе членови.

Графикон бр. 18. Резидентно население што живее во семејни домаќинства на татко со деца без други лица, според типот на населено место, во проценти, Попис 2021.




Околу една петина (21%) од населението што живее во домаќинства на татко со деца, живее во домаќинство во кое живеат и други лица. Овој процент е речиси ист за населението од рурални и урбани населени места. Како и во претходните категории и во овој случај кај населението од рурални населени места се забележува повисок процент на лица што живеат во домаќинства со пет или повеќе членови.

Графикон бр. 19. Резидентно население што живее во семејни домаќинства на татко со деца со други лица, според типот на населено место, во проценти, Попис 2021.




Кога станува збор за семејната структура на децата во Република Северна Македонија, анализирајќи го брачниот статус на родителите на новороденчиња во периодот 2010-2022[17] може да се констатира дека доминантни се раѓања во семејства во кои партнерите се во брак – 88% од новороденчињата се родени во брачни, наспроти 12% кои се родени во вонбрачни заедници. Овој процент е стабилен низ годините, со минимални варијации (87% родени во брак наспроти 13% родени во вонбрачна заедница во периодот на пандемијата). Со оглед на глобалните тенденции за зголемување на бројот на деца родени вон брак[18], може да се констатира дека Република Северна Македонија останува надвор од овие трендови; имено, процентот на родени деца вон брак во нашата држава останува под просекот на државите од ОЕЦД и просекот во државите-членки на ЕУ, каде процентот на вакви раѓања во 2020 изнесувал над 40%.

Во апсолутни бројки, падот на раѓања на деца во брачни заедници е пропорционално следен од падот на раѓања на деца од вонбрачни заедници (Табела бр. 4).

Табела бр. 4. Број на родени деца според брачниот статус на родителите, по години.

| Година | Република Северна Македонија | |
|---|---|---|
| **2010** | Вкупно | 24296 |
| | Во брак | 21338 |
| | Вон брак | 2958 |
| **2011** | Вкупно | 22770 |
| | Во брак | 20119 |
| | Вон брак | 2651 |
| **2012** | Вкупно | 23568 |
| | Во брак | 20826 |

[17] Извор: ДЗС, МАКСТАТ база.
[18] Извор: База на податоци за семејства на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), достапна на: https://www.oecd.org/els/family/database.htm и анализа достапна на: https://www.oecd.org/els/family/SF_2_4_Share_births_outside_marriage.pdf

| | | |
|---|---|---|
| | Вон брак | 2742 |
| **2013** | Вкупно | 23138 |
| | Во брак | 20513 |
| | Вон брак | 2625 |
| **2014** | Вкупно | 23596 |
| | Во брак | 20890 |
| | Вон брак | 2706 |
| **2015** | Вкупно | 23075 |
| | Во брак | 20545 |
| | Вон брак | 2530 |
| **2016** | Вкупно | 23002 |
| | Во брак | 20241 |
| | Вон брак | 2761 |
| **2017** | Вкупно | 21754 |
| | Во брак | 19220 |
| | Вон брак | 2534 |
| **2018** | Вкупно | 21333 |
| | Во брак | 18746 |
| | Вон брак | 2587 |
| **2019** | Вкупно | 19845 |
| | Во брак | 17391 |
| | Вон брак | 2454 |
| **2020** | Вкупно | 19031 |
| | Во брак | 16565 |
| | Вон брак | 2466 |
| **2021** | Вкупно | 18648 |
| | Во брак | 16102 |
| | Вон брак | 2546 |
| **2022** | Вкупно | 18073 |
| | Во брак | 15775 |
| | Вон брак | 2298 |

# 5. Здравствен статус на децата

Во рамки на анализата на здравствениот статус на децата, главен фокус е ставен на имунизацијата на деца. Главен извор на податоци за имунизација на населението е Институтот за јавно здравје (ИЈЗ). Податоците дискутирани во рамки на ова поглавје се добиени од преку годишните извештаи за имунизација што ги објавува ИЈЗ.

Во поглавјето ќе се разгледуваат податоците за вакциналниот статус на децата за следните вакцини:

- Хепатитис Б
- ХиБ - ДиТеПер - ИПВ вакцинација и ревакцинација
- МРП вакцинација и ревакцинација
- ХПВ вакцинација
- Ротавирусна вакцинација
- Пневмокона вакцинација и ревакцинација

За потребите на истражувањето беа анализирани годишните извештаи за реализација на програмата за вакцинација за периодот 2016 – 2022. Анализата за наведениот период ќе содржи споредба на податоци за вакцинација/ревакцинација на национално ниво за Хепатитис Б, МРП и ХПВ. Поради различната методологија на собирање и приказ на податоци, споредба на податоците за вакцинација/ревакцинација со ХиВ/ДиТеПер/ИПВ е направена само за 2021 и 2022 година.

Дополнително, подетална споредба според центри за јавно здравје / подрачни единици (ЦЈЗ/ПЕ) каде има висок и низок опфат со имунизација е направена за периодот 2021-2022.

Анализата на податоците е направена за опфатот со имунизација за вакцините кои се дел од Календарот за имунизација за 2021 година, додека приказот на податоците ќе биде според тип на вакцина.

## 5.1. Имунизација на национално ниво за периодот 2016-2022

Доколку ги анализираме податоците на национално ниво за имунизацијата во периодот 2016-2022, за вакцините Хепатит Б, МРП и ХПВ[19], може да се констатира дека во периодот под анализа не е постигнат опфат од 95% или повисок за ниту една вакцина на национално ниво. Вториот заклучок се однесува на значајно намалување на опфатот со вакцинација во периодот од 2020 година, односно од почетокот на пандемијата со Ковид 19. Во 2022 година се забележува извесно покачување на опфатот со вакцинација кај сите вакцини, при што сè уште останува да се достигнат нивоата од пред пандемијата. Најголем опфат има вакцината против Хепатитис Б, која во 2022 имала опфат од 84,1% на национално ниво; овој процент на опфат е сепак значително понизок од предпандемискиот опфат со оваа вакцина, кој се движи од 93,8% во 2016 до 90,7% во 2019 година. Најнизок опфат конзистентно има ХПВ вакцината, со која опфатот бил највисок во 2019 година (57,8%), а најнизок во 2021 (35,5). Во 2022 година опфатот со оваа вакцина расте и се приближува до предпандемиските нивоа - 52,5%

[19] Поради разлики во календарите за вакцинација и методологиите за собирање и приказ на податоците, споредби не беа можни за сите типови вакцини од Календарот за имунизација во 2021 со претходните години.

Графикон бр. 20. Национален опфат со имунизација во Република Северна Македонија, во проценти, 2016-2022.




Во следните потпоглавја ќе биде проширена анализата според типот на вакцина и највисоки и најниски нивоа на опфат според ЦЈЗ/ПЕ во 2021 и 2022 година. Освен податоците за примена вакцина, не се достапни податоци според пол, населено место и етничка припадност, како и статус на попреченост.

### *5.1.1. Хепатитис Б*

Според податоците на ИЈЗ, во 2021, националниот просек за вакцинација против Хепатитис Б со три дози вакцина е 78,7%. Во 2022 година, овој опфат е зголемен на 84,1%. Доколку ги анализираме податоците според ЦЈЗ/ПЕ, може да се констатира дека во 2022 година опфатот со вакцинација против Хепатитис Б останува висок кај оние ЦЈЗ/ПЕ кај кои бил висок во 2021 година, при што неколку ЦЈЗ/ПЕ го имаат зголемено веќе високиот опфат на целосен опфат.

Графикон бр. 21. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со вакцинација против Хепатитис Б во 2022 година, споредба со 2021 година.



Опфат под 95%, но повисок од 90% се регистрира на територијата на ПЕ Кичево, ПЕ Дебар, ПЕ Крива Паланка, ПЕ Македонски Брод, ПЕ Крушево, ПЕ Гостивар, ПЕ Кавадарци и ПЕ Радовиш. Опфат понизок од 90% е регистриран на територијата на ПЕ Гевгелија, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Тетово, Струга, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Битола и ЦЈЗ Скопје, а најнизок опфат е регистриран во ЦЈЗ Куманово 52,9%.

Опфатот на вакцинацијата со I доза и со II доза вакцина против хепатитис Б изнесува 93,0% односно 88,5%, соодветно. Од подложните деца на вакцинација против Хепатитис Б во 2022 година, трета доза не примиле 3.280, од кои 41% се од територијата на ЦЈЗ Скопје, а 29% од територијата на ЦЈЗ Куманово.

Меѓу ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со вакцинација против Хепатитис Б, кај ЦЈЗ Прилеп, Битола и Куманово се забележува намалување на опфатот во споредба со 2021 година. Ова намалување е највисоко кај ЦЈЗ Прилеп и изнесува 4,5% помалку опфатени деца во споредба со 2021 година. ЦЈЗ Куманово има најнизок опфат на ниво на држава од само 52,9% од подложните деца. ЦЈЗ Скопје и Струмица бележат зголемување на опфатот со вакцинација против хепатитис Б – ЦЈЗ Струмица има поголем опфат за 13,2%, но со вкупен опфат од 84,6% во 2022 останува во групата ЦЈЗ/ПЕ со најниски нивоа на опфат со оваа вакцина.

Графикон бр. 22. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со вакцинација против Хепатитис Б во 2022 година, споредба со 2021 година.




### *5.1.2. ХиБ - ДиТеПер - ИПВ вакцинација*

Опфатот со примарна вакцинација со 3 дози вакцина против ХиБ, ДиТеПер и ИПВ[20] за 2021 година за целата држава изнесува 80,9%. Во 2022 година, се забележува извесно покачување на овој опфат на 83,9%. Од прегледот на ЦЈЗ/ПЕ кои имале највисок опфат со ХиБ - ДиТеПер - ИПВ вакцинација во 2022 година, може да се заклучи дека е конзистентен со високиот опфат во овие ЦЈЗ/ПЕ во 2021 година.

[20] Вакцинација против хемофилус инфлуенца тип Б инфекции, дифтерија, тетанус, пертусис и полиомиелитис.

Графикон бр. 23. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со прва ХиБ/ДиТеПер/ИПВ вакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година.




Опфат под 95%, но повисок од 90% за овие вакцини, кои се даваат како петто или шестовалентни, се регистрира на територијата на шест ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Кичево, ПЕ Крива Паланка, ПЕ Македонски Брод, ПЕ Крушево, ПЕ Гостивар и ПЕ Радовиш.

Опфат понизок од 90% е регистриран на територијата на девет ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Гевгелија, ЦЈЗ Штип, ПЕ Струга, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Битола и ЦЈЗ Струмица, а најнизок опфат од 53,7% е регистриран на територијата на ЦЈЗ Куманово.

Од децата кои биле подложни на вакцинација против ХиБ-ДиТеПер-ИПВ со трета доза, не се вакцинирани вкупно 3.322 деца, од нив 41% се од територијата на ЦЈЗ Скопје и 27,4% од територија на ЦЈЗ Куманово.

Доколку ги анализираме податоци за ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со ХиБ - ДиТеПер - ИПВ вакцинација во 2022 година, можат да се констатираат извесни варијации. Имено ЦЈЗ Прилеп бележи намалување на опфатот со оваа вакцина од 92,6% во 2021 на 88,1% во 2022 година. Мало намалување на опфатот се забележува и во ЦЈЗ Битола и ЦЈЗ Куманово. ЦЈЗ Куманово има значително понизок опфат и најнизок опфат на ниво на држава со оваа вакцина. Зголемување на опфатот се забележува во ЦЈЗ Скопје за 2 процентни поени и во ЦЈЗ Струмица за 3,6 процентни поени во периодот меѓу 2021 и 2022 година.

Графикон бр. 24. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со прва ХиБ/ДиТеПер/ИПВ вакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година.




Ревакцинацијата против ХиБ , ДиТеПер и ИПВ со петовалентна вакцина на ниво на држава во 2022 година изнесува 69,3%. Опфат понизок од 95%, но повисок од 90% се регистрира во шест ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Дебар, ПЕ Кичево, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Кочани, ПЕ Валандово и ПЕ Демир Хисар.

Опфат понизок од 90% е регистриран на територијата на 18 ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Македонски Брод, ПЕ Радовиш, ПЕ Гостивар, ПЕ Крива Паланка, ПЕ Кратово, ЦЈЗ Велес, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Тетово, ПЕ Пробиштип, ПЕ Велес, ПЕ Гевгелија, ПЕ Струга, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Струмица, ПЕ Кавадарци, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Битола и ПЕ Неготино. На територијата на ЦЈЗ Куманово е регистриран најнизок опфат од 46,4%.

Од подложните деца на територијата на целата република со оваа ревакцина не се опфатени вкупно 6203 деца, од кои најголем број (2786) и најголем процент (44,9%), по жителство припаѓаат на територијата што ја покрива ЦЈЗ Скопје, а потоа следи ЦЈЗ Куманово (14,8%).

Освен податоците за примена вакцина, не се достапни податоци според пол, населено место и етничка припадност, како и статус на попреченост.

### *5.1.3. ДиТеПер – ИПВ втора ревакцинација*

Вкупниот опфат со ДиТе/ИПВ II ревакцинација во 2022 година изнесува 88,5%. Ова претставува зголемување на опфатот во споредба со 2021 година, кога на ниво на држава изнесувал 74,7%.

Опфат под 95%, а над 90% е регистриран на територијата на осум ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Крива Паланка, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Струмица, ПЕ Радовиш, ПЕ Крушево, ЦЈЗ Велес, ПЕ Виница и ПЕ Неготино.

Опфат понизок од 90% е регистриран на територијата на девет ЦЈЗ /ПЕ: ПЕ Берово, ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Тетово, ПЕ Гостивар, ЦЈЗ Охрид, ПЕ Гевгелија, ЦЈЗ Прилеп и ПЕ Кавадарци.

Од подложните 26.069 деца со ДиТеПер/ИПВ II ревакцина, не се вакцинирани вкупно 3.003 деца, од нив најголем број и највисок процент се од територијата на ЦЈЗ Прилеп (18,0%) и ЦЈЗ Тетово (17,9%).

Доколку ги споредиме ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат на ДиТеПер/ИПВ втора ревакцинација од 2022 со податоците за 2021 може да се констатира дека нема значајни промени кај повеќето ЦЈЗ/ПЕ помеѓу 2021 и 2022, односно постои конзистентност во високите нивоа на опфат со оваа вакцина. Исклучок е ПЕ Кратово, каде се забележува значајно зголемување на опфатот со вакцинација од 83,1% во 2021 на 100% во 2022 година.

Графикон бр. 25. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со ДиТеПер/ИПВ втора ревакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година.




ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со ДиТеПер/ИПВ втора ревакцинација во 2022 биле ПЕ Гевгелија, ПЕ Кавадарци, ЦЈЗ Охрид, Прилеп и ПЕ Гостивар. Доколку ги споредиме податоците помеѓу двете години на анализа може да се заклучи дека кај три ЦЈЗ/ПЕ се забележува намалување на опфатот со ревакцинација споредено со 2021 година; кај ПЕ Гевгелија за 10,9%, кај ПЕ Кавадарци за 9,5% и кај ЦЈЗ Прилеп за високи 21,2%. Кај ЦЈЗ Охрид се забележува зголемување од 9,7% споредено со 2021 година; ПЕ Гостивар бележи зголемување на ревакцинацијата за 11,7%.

Графикон бр. 26. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со ДиТеПер/ИПВ втора ревакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година.



### 5.1.4. ДиТе/ИПВ трета ревакцинација

Вкупниот опфат за републиката со ДиТе/ИПВ[21] III ревакцинација во 2022 година изнесува 89,3%. Ова претставува мало зголемување (од 3,4%) на опфатот со оваа ревакцина во споредба со 2021, кога опфатот на ниво на држава изнесувал 85,9%.

Опфат под 95%, а над 90% е регистриран на територијата на 5 ЦЈЗ/ПЕ: ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Кочани, ПЕ Крушево, ПЕ Гостивар и ПЕ Гевгелија.

Опфат понизок од 90% е регистриран на територијата на 8 ЦЈЗ /ПЕ: ПЕ Струга, ЦЈЗ Тетово, ПЕ Неготино, ЦЈЗ Скопје, ПЕ Пробиштип, ПЕ Кавадарци, ЦЈЗ Штип и ЦЈЗ Прилеп.

Според извештајот на ИЈЗ за 2022 година, на територијата на ПЕ Берово не е спроведена вакцинација со трета ДиТе/ИПВ ревакцина.

Доколку ги анализираме ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат на трета ревакцинација ДиТе/ИПВ во 2022 со податоците од 2021 година, може да се забележи дека кај поголем дел од ЦЈЗ/ПЕ високиот опфат останува конзистентен меѓу двете години. Исклучок се неколку ЦЈЗ/ПЕ – ПЕ Ресен, каде опфатот е зголемен од 93% на 100% меѓу двете години; значајно зголемување се забележува и кај ПЕ Демир Хисар за 10,4% со што е постигнат целосен опфат, како и ЦЈЗ Охрид, каде е направено значајно зголемување од 73,9% во 2021 година на 100% во 2022 година.

Графикон бр. 27. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со трета ревакцинација ДиТе/ИПВ во 2022 година, споредба со 2021 година.




Анализата на опфатот со трета ревакцина за ДиТе/ИПВ во 2022 според ЦЈЗ/ПЕ и споредбата со податоците од 2021 година покажува дека кај неколку ЦЈЗ/ПЕ опфатот е конзистентен помеѓу двете години или се забележува минимално зголемување. Кај две ЦЈЗ/ПЕ се забележува значајно намалување на опфатот со трета ревакцина – ЦЈЗ Прилеп бележи намалување на опфатот од 15,7% меѓу двете години; слично е намалување на опфатот кај ПЕ Пробиштип за 15,9% од 100% опфат во 2021 година на 84,1% опфат во 2022 година.

[21] Дифтерија, тетанус и полиомиелитис.

Графикон бр. 28. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со трета ревакцинација ДиТе/ИПВ во 2022 година, споредба со 2021 година.




### *5.1.5. Те четврта ревакцинација*

На ниво на држава опфатот со вакцина против тетанус - Те - IV ревакцинација во 2022 година изнесува 83,9%. Овој опфат е речиси непроменет доколку се спореди со опфатот во 2021 година, кога изнесувал 84%.

Опфат под 95%, но над 90% е регистриран на територијата на седум ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Дебар, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Велес, ПЕ Гевгелија, ПЕ Крушево, ЦЈЗ Прилеп и ПЕ Неготино. Опфат понизок од 90% се регистрира во осум ЦЈЗ /ПЕ: ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Тетово, ПЕ Гостивар, ЦЈЗ Битола, ПЕ Струга, ПЕ Кавадарци, ЦЈЗ Скопје и ЦЈЗ Штип.

Од подложните деца на Те IV ревакцина, со оваа ревакцина не се опфатени 3.148 лица, а од нив највисок процент (59,5%) се деца кои по место на живеење припаѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје.

Доколку се споредат податоците според ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат во 2022 година и податоците од 2021 година, може да се забележи дека кај повеќето ЦЈЗ/ПЕ овој процент останува конзистентен помеѓу двете години, односно повеќето ЦЈЗ/ПЕ имаат целосен опфат со Те четврта ревакцина во двете години. Зголемување се забележува кај ПЕ Ресен (7,8%), ПЕ Кратово (12%), ЦЈЗ Охрид (21,6%), ПЕ Валандово (18%).

Графикон бр. 29. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со четврта Те ревакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година.




Анализата на податоците за ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со оваа вакцина помеѓу 2021 и 2022 година покажува намалување кај речиси сите ЦЈЗ/ПЕ со низок опфат, при што намалувањето на опфатот е најголемо кај ЦЈЗ Скопје (14,2%).Единствено ЦЈЗ Штип бележи зголемување на опфатот во споредба со минатата година (иако и натаму останува низок) од 3%.

Графикон бр. 30. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со четврта Те ревакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година.




### 5.1.6. МРП вакцинација

Вкупниот опфат со МРП вакцина[22] за целата република во 2022 година изнесува 70,7%. Опфатот со оваа вакцина останува речиси непроменет во споредба со 2021 година, кога изнесувал 70,4%.

Опфат над препорачаните 95% е регистриран на територија на четири ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Пехчево, ЦЈЗ Кочани, ПЕ Дебар и ЦЈЗ Прилеп. Понизок опфат од 95%, но повисок од 90% е регистриран на територијата на пет ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Делчево, ПЕ Виница, ПЕ Кичево, ПЕ Крушево и ПЕ Свети Николе.

[22] Вакцинација против морбили, рубеола, паротит.

Во останатите ЦЈЗ/ПЕ се регистрира опфат понизок од 90%. На територијата на ЦЈЗ Битола, ПЕ Кавадарци, ПЕ Берово, ЦЈЗ Струмица, ПЕ Неготино и ПЕ Ресен опфатот е помал од 70%. Најнизок опфат се регистрира на територијата на ЦЈЗ Куманово од 40,3%.

Од подложните деца за МРП вакцина на територијата на целата република, не се опфатени со вакцинација вкупно 6.551, од кои 37,8% се жители на територијата која ја покрива ЦЈЗ Скопје и 22,4% се жители на територијата што ја покрива ЦЈЗ Куманово.

Споредбата на податоците за ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат во 2022 година покажува дека со исклучок на ПЕ Кочани, сите други ЦЈЗ/ПЕ забележуваат пад во опфатот со МРП вакцина помеѓу 2021 и 2022 година. Опфатот сѐ уште останува висок во ПЕ Пехчево, ПЕ Дебар и ЦЈЗ Прилеп, но паднат е под 95% во ПЕ Делчево во 2022 година.

Графикон бр. 31. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со МРП вакцина во 2022 година, споредба со 2021 година.




ПЕ Ресен, ПЕ Неготино, ПЕ Берово, ЦЈЗ Куманово и ЦЈЗ Струмица имаат најнизок опфат со МРП вакцина во 2022 година. Сите ЦЈЗ/ПЕ бележат пад во опфатот со МРП вакцина, освен ЦЈЗ Струмица, каде опфатот е зголемен за 4,6%. Опфатот е најнизок во ЦЈЗ Куманово, каде само 40,3% од децата опфатени со оваа вакцина се вакцинирале, што е најниско во целата држава и бележи дополнителен пад од 1% во споредба со 2021 година.

Графикон бр. 32. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со МРП вакцина во 2022 година, споредба со 2021 година.




### *5.1.7. МРП ревакцинација*

Опфатот со МРП ревакцинација во 2022 година изнесува 89,2%. Ова претставува зголемување на опфатот со МРП ревакцинација за 8,8% во споредба со 2021 година, кога опфатот изнесувал 80,4%.

Опфат над препорачаните 95% е регистриран во десет ЦЈЗ/ ПЕ. Опфат понизок од 95%, но повисок од 90% е регистриран на подрачјето на 9 ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Крушево, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Штип, ПЕ Македонски Брод, ЦЈЗ Скопје, ПЕ Пробиштип, ПЕ Виница, ПЕ Радовиш и ЦЈЗ Тетово. Опфат под 90%, но над 70% се регистрира во единаесет ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Крива Паланка, ПЕ Кавадарци, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Битола, ПЕ Кратово, ПЕ Неготино, ПЕ Гостивар, ПЕ Струга, ПЕ Гевгелија, ПЕ Берово и ЦЈЗ Охрид. Опфат под 70% е регистриран на територијата на ЦЈЗ Прилеп (66,7%).

Од подложните деца на територијата на целата држава за оваа ревакцина, не се опфатени вкупно 2.568, од кои 29,0% се жители на територијата која ја покрива ЦЈЗ Скопје.

Споредбата кај ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со МРП ревакцинација во 2022 покажува конзистентно висок процент и во 2021 година. Две ЦЈЗ/ПЕ го имаат зголемено опфатот над 95% во периодот под анализа – ПЕ Свети Николе од 93% на 98,% и ПЕ Валандово од 90,5% на 100% во 2022 година.

Графикон бр. 33. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со МРП ревакцина во 2022 година, споредба со 2021 година.




Меѓу ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со МРП ревакцинација во 2022 година, се забележува дека сите ЦЈЗ/ПЕ бележат пад во опфатот со ревакцинација во споредба со 2021 година. Најголем пад се забележува кај ЦЈЗ Прилеп, каде опфатот од 97% во 2021 е намален за 30,3%, на само 66,7% во 2022 година. Значителен пад бележи и ПЕ Берово, од целосен опфат во 2021 на 73% во 2022.

Графикон бр. 34. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со МРП ревакцина во 2022 година, споредба со 2021 година.




### *5.1.8. ХПВ вакцина*

Вкупниот опфат со две дози вакцина против заболувања причинети од Хуман папилома вирус (ХПВ) во државата во 2022 година изнесува 52,5%. Ова претставува значајно зголемување на опфатот од 17% во споредба со 2021 година, кога опфатот бил исклучително низок со 35,5% девојчиња кои се на соодветна возраст за оваа вакцина  на ниво на држава.

Шест ЦЈЗ/ПЕ имаат реализирано 100% опфат:  ПЕ Демир Хисар, ПЕ Свети Николе, ПЕ Кочани, ПЕ Делчево, ПЕ Кратово и ПЕ Валандово. Опфат понизок од вкупниот опфат во државата е регистриран во пет ЦЈЗ/ПЕ: ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Струмица и ПЕ Гостивар.

Од вкупниот број на лица кои се подложни за оваа ревакцина на територијата на целата република , во 2022 година не биле опфатени вкупно 4.934, од кои 59,9% се жители на територијата која ја покрива ЦЈЗ Скопје.

И покрај нискиот опфат со ХПВ вакцина на ниво на држава, како што беше наведено погоре, во одредени ЦЈЗ/ПЕ постигнат е висок, дури и целосен опфат, што е видливо од Графикон 35. Опфатот останува конзистентен во сите наведени ЦЈЗ/ПЕ, при што треба да се забележи дека за ПЕ Свети Николе и ПЕ Валандово не се достапни податоци за 2021 година.

Графикон бр. 35. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со ХПВ вакцина во 2022 година, споредба со 2021 година.




Опфатот со ХПВ вакцина е многу низок во одредени ЦЈЗ/ПЕ, презентирани во рамки на Графикон број 36. Најнизок опфат на ниво на држава е во ЦЈЗ Струмица и во 2022 година изнесува 3,4%, што е зголемување од 0,4% во споредба со 2021 година. Зголемување на опфатот се забележува во ЦЈЗ Охрид за 11,3%, што сѐ уште го држи опфатот низок на само 17,1% во 2022 година. ЦЈЗ Битола забележува зголемување на опфатот за 10,1%, односно нешто повеќе од третина од девојчињата подложни на оваа вакцина ја примиле во 2022 година. ЦЈЗ Гостивар бележи значајно намалување на опфатот помеѓу двете години за 46,1%, со опфат од само 33,8% во 2022 година.

Графикон бр. 36. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со ХПВ вакцина во 2022 година, споредба со 2021 година.




### *5.1.9. Рота вирус вакцинација*

Ротавирусна вакцинација се спроведува со жива орална петовалентна ротавирусна вакцина со давање на три дози кај деца со навршени 60 дена од животот до навршување на 32 недели од животот.

Вкупниот опфат со три дози вакцина против заболувања причинети од Рота вируси, на ниво на држава во 2022 година изнесува 66,6%. Ова претставува мало зголемување на опфатот во споредба со 2021 година, кога изнесувал 65%.

Кога станува збор за опфатот според ЦЈЗ/ПЕ, опфат понизок од 95%, но повисок од 90% е регистриран на подрачјето на шест ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Неготино, ПЕ Радовиш, ЦЈЗ Струмица, ПЕ Пробиштип, ЦЈЗ Велес и ПЕ Крива Паланка. Опфат под 90%, а над 70% се регистрира во единаесет ЦЈЗ/ПЕ: ПЕ Кавадарци, ПЕ Кичево, ЦЈЗ Тетово, ПЕ Струга, ПЕ Гевгелија, ЦЈЗ Штип, ПЕ Крушево, ЦЈЗ Прилеп, ПЕ Гостивар, ЦЈЗ Битола и ЦЈЗ Охрид. Опфат под 70% е регистриран во ПЕ Македонски Брод, ЦЈЗ Куманово и ЦЈЗ Скопје.

Од подложните деца за рота вирусна вакцина на територијата на целата држава, не се опфатени со вакцинација вкупно 5.152, од кои 72,2% се жители на територијата која ја покрива ЦЈЗ Скопје.

ЦЈЗ/ПЕ кои за поголемиот дел вакцини имаат висок опфат со вакцинација имаат конзистентно висок опфат и со вакцината против ротавирус. Не се забележуваат значајни разлики во опфатот со вакцината помеѓу 2021 и 2022 година.

Графикон бр. 37. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со рота вирус вакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година.




ЦЈЗ Битола, Куманово, Охрид, Скопје и ПЕ Македонски Броj имаат најнизок опфат со вакцинација против рота вирус. ЦЈЗ Скопје има најнизок опфат на ниво на целата држава и иако забележува раст од 4,3% во споредба со 2021 година, опфатот изнесува 50,1%. Втор со најнизок опфат во државата е ЦЈЗ Куманово, кој бележи пад од 24,5% во споредба со 2021 година и изнесува 53,2% во 2022 година. ЦЈЗ Охрид и ПЕ Македонски Брод исто така бележат пад на опфатот со вакцинација против рота вирус во 2022 година. ЦЈЗ Битола, иако во групата со најнизок опфат, бележи раст од 5,7% во споредба со 2021 година.

Графикон бр. 38. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со вакцинација против рота вирус во 2022 година, споредба со 2021 година.




## 5.1.10. Пневмококна вакцина и ревакцина

Вакцинацијата против заболувања предизвикани од пневмокока се спроведува со вакцинација на сите деца со навршени 60 дена од животот, најдоцна до 5 годишна возраст. Доенчињата на возраст од 2-11 месеци се вакцинираат со две дози вакцина (примарна вакцинација) и една доза ревакцина (бустер доза). Кај деца постари од 12 месеци не се дава ревакцина (бустер доза), а

децата на возраст од 2 до 5 години се вакцинираат со една доза вакцина. Со оглед на тоа што дозирањето на вакцината е зависно од возраста на детето кога се започнува со вакцинација, прикажан е опфатот само за децата кои биле подложни на вакцинација/ревакцинација во 2022 година, до 12 месечна возраст.

Вкупниот опфат за пневмококна вакцинација на нивно на држава во 2022 година изнесувал 79%, што е речиси идентично со опфатот во 2021 година, кој изнесувал 78,1%.

Опфат со пневмококна вакцина понизок од 95%, но повисок од 90% е регистриран на подрачјето на ПЕ Демир Хисар, ЦЈЗ Велес, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Штип, ПЕ Кавадрци и ЦЈЗ Прилеп. Опфат под 90%, но над 70% е регистриран во ЦЈЗ Струмица, ПЕ Гевгелија, ЦЈЗ Тетово, ПЕ Гостивар, ПЕ Мак. Брод, ЦЈЗ Битола и ЦЈЗ Куманово. Опфат под 70% е регистриран во ЦЈЗ Скопје.

Од подложните деца за примовакцинација со пневмококна вакцина (две дози) на територијата на целата република, не се опфатени со вакцинација вкупно 3.898, од кои 67,3% се жители на територијата која ја покрива ЦЈЗ Скопје.

Опфатот за ревакцинација (бустер доза) со пневмококната вакцина изнесува 56,2%.

Повеќе ЦЈЗ/ПЕ бележат висок/целосен опфат со пневмококна вакцина и овој процент е конзистентен во соодветните центри споредено со 2021 година.

Табела бр. 5. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со пневмококна вакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година.

| ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат на пневмококна вакцинација | 2021 | 2022 |
|---|---|---|
| **ПЕ Ресен** | 100% | 100% |
| **ПЕ Кочани** | 100% | 100% |
| **ПЕ Берово** | 100% | 100% |
| **ПЕ Виница** | 99% | 100% |
| **ПЕ Делчево** | 100% | 100% |
| **ПЕ Пехчево** | 100% | 100% |
| **ПЕ Кратово** | 100% | 100% |
| **ПЕ Крушево** | 100% | 100% |
| **ПЕ Валандово** | 100% | 100% |
| **ПЕ Пробиштип** | 100% | 100% |

ЦЈЗ Битола, Куманово, Скопје, Гостивар и ПЕ Македонски Брод имаат најнизок опфат со пневмококна вакцина во 2022 година. Опфатот со вакцинација во ЦЈЗ Куманово и Скопје останува речиси непроменет во периодот 2021-2022 година и се движи околу или малку повеќе од две третини од децата што се опфатени со оваа вакцина. ЦЈЗ Битола и ПЕ Македонски Брод бележат зголемување на опфатот за 10 или повеќе процентни поени, но истиот останува под 90%. ПЕ Гостивар бележи намалување на опфатот под 90% во споредба со 2021 година.

Графикон бр. 39. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со пневмококна вакцина во 2022 година, споредба со 2021 година.



# 6. Образовен статус на децата

## 6.1. Предучилишно образование и воспитување

Во предучилишно образование и воспитување вклучени се деца од под 6 години возраст. Кога станува збор за деца во институции за предучилишно образование и воспитување, податоците на национално ниво за периодот 2011-2022 година покажуваат зголемување за 55%, од 23157 на 35932 деца кои посетуваат предучилишни установи во Република Северна Македонија[23]. Во 2021 година во предшколски установи/центри за ран детски развој биле опфатени 31293 деца, или 26% од вкупниот број деца (118192) на возраст под шест години опфатени со Пописот. Анализата на податоците според процентот на деца на возраст 36-59 месеци опфатени во системот на предучилишно воспитување споредено со бројот на деца на соодветната возраст попишани во 2021 година (27600 деца) покажа дека опфатот на деца во предучилишни установи изнесува 43,6%.

Анализата на податоци според полот покажа дека во текот на целиот период под анализа не постојат значајни разлики во поглед на вклученоста на момчињата и девојчињата во предучилишни установи, односно соодносот на децата во предучилишно воспитание е 51% момчиња и 49% девојчиња.

Потребно е да се забележи дека заклучно со 2022 година, во 18 општини не се регистрирани деца кои се вклучени во предучилишни установи – Арачиново, Боговиње, Босилово, Градско, Дебарца, Долнени, Желино, Зелениково, Лозово, Маврово и Ростуша, Пласница, Ранковце, Старо Нагоричане, Студеничани, Теарце, Центар Жупа, Чашка, Чучер-Сандево. Доколку се земе предвид дека во општини во 2021 живееле 13267 деца на возраст под 6 години, кои претставуваат 11,2% од детската популација на оваа возраст на национално ниво, може да се заклучи дека се потребни фокусирани напори за развивање на системот на предучилишно воспитание и образование да одговори на потребите.

Табела бр. 6. Опфат на деца на возраст 0-5,99 години во детски градинки/центри за ран детски развој, по општини.

| | Вкупен број на деца на возраст 0-5,99 години во 2021 година | Вкупен број на деца вклучени во градинки/центри за ран детски развој во 2021 | % на опфат |
|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | 118192 | 31293 | 26% |
| **Аеродром** | 5172 | 1959 | 38% |
| **Бутел** | 2705 | 1009 | 37% |
| **Гази Баба** | 4527 | 1468 | 32% |
| **Ѓорче Петров** | 2698 | 805 | 30% |
| **Карпош** | 3924 | 2757 | 70% |
| **Кисела Вода** | 3761 | 1874 | 50% |
| **Сарај** | 3837 | 159 | 4% |
| **Центар** | 2626 | 2064 | 79% |
| **Чаир** | 5548 | 1109 | 20% |
| **Шуто Оризари** | 2611 | 84 | 3% |
| **Арачиново** | 1386 | 0 | 0% |
| **Берово** | 448 | 223 | 50% |
| **Битола** | 4634 | 1266 | 27% |
| **Богданци** | 389 | 212 | 54% |
| **Боговиње** | 1615 | 0 | 0% |

[23] Извор: Државен завод за статистика, МАКСТАТ база.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Босилово** | 631 | 0 | 0% |
| **Брвеница** | 849 | 43 | 5% |
| **Валандово** | 566 | 219 | 39% |
| **Василево** | 687 | 83 | 12% |
| **Вевчани** | 96 | 43 | 45% |
| **Велес** | 2749 | 1132 | 41% |
| **Виница** | 759 | 297 | 39% |
| **Врапчиште** | 1339 | 61 | 5% |
| **Гевгелија** | 1238 | 702 | 57% |
| **Гостивар** | 3755 | 676 | 18% |
| **Градско** | 194 | 0 | 0% |
| **Дебар** | 1112 | 290 | 26% |
| **Дебарца** | 172 | 0 | 0% |
| **Делчево** | 631 | 305 | 48% |
| **Демир Капија** | 194 | 91 | 47% |
| **Демир Хисар** | 276 | 106 | 38% |
| **Дојран** | 155 | 47 | 30% |
| **Долнени** | 953 | 0 | 0% |
| **Желино** | 1594 | 0 | 0% |
| **Зелениково** | 242 | 0 | 0% |
| **Зрновци** | 80 | 47 | 59% |
| **Илинден** | 1070 | 426 | 40% |
| **Јегуновце** | 520 | 35 | 7% |
| **Кавадарци** | 2073 | 1009 | 49% |
| **Карбинци** | 238 | 49 | 21% |
| **Кичево** | 2211 | 405 | 18% |
| **Конче** | 133 | 14 | 11% |
| **Кочани** | 1643 | 554 | 34% |
| **Кратово** | 251 | 83 | 33% |
| **Крива Паланка** | 760 | 272 | 36% |
| **Кривогаштани** | 242 | 59 | 24% |
| **Крушево** | 497 | 69 | 14% |
| **Куманово** | 6432 | 1263 | 20% |
| **Липково** | 1857 | 44 | 2% |
| **Лозово** | 140 | 0 | 0% |
| **Маврово и Ростуша** | 241 | 0 | 0% |
| **Македонска Каменица** | 317 | 143 | 45% |
| **Македонски Брод** | 264 | 82 | 31% |
| **Могила** | 244 | 24 | 10% |
| **Неготино** | 1037 | 545 | 53% |
| **Новаци** | 111 | 29 | 26% |
| **Ново Село** | 232 | 64 | 28% |
| **Охрид** | 2808 | 729 | 26% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Петровец** | 710 | 129 | 18% |
| **Пехчево** | 152 | 89 | 59% |
| **Пласница** | 240 | 0 | 0% |
| **Прилеп** | 3668 | 1165 | 32% |
| **Пробиштип** | 576 | 271 | 47% |
| **Радовиш** | 1560 | 480 | 31% |
| **Ранковце** | 211 | 0 | 0% |
| **Ресен** | 661 | 196 | 30% |
| **Росоман** | 196 | 87 | 44% |
| **Свети Николе** | 768 | 315 | 41% |
| **Сопиште** | 533 | 30 | 6% |
| **Старо Нагоричане** | 179 | 0 | 0% |
| **Струга** | 3382 | 519 | 15% |
| **Струмица** | 3238 | 990 | 31% |
| **Студеничани** | 2577 | 0 | 0% |
| **Теарце** | 1248 | 0 | 0% |
| **Тетово** | 6383 | 755 | 12% |
| **Центар Жупа** | 240 | 0 | 0% |
| **Чашка** | 781 | 0 | 0% |
| **Чешиново - Облешево** | 244 | 112 | 46% |
| **Чучер - Сандево** | 623 | 0 | 0% |
| **Штип** | 2548 | 1126 | 44% |

## 6.2. Основно образование

Податоците за децата во основно образование се добиени од МАКСТАТ базата на ДЗС. Иако за одредени домени е направен повеќегодишен преглед на состојбите, главниот фокус на анализата е учебната година 2021/2022. Доколку го споредиме бројот на запишани ученици помеѓу учебните години 2010/2011 и 2022/2023, може да се забележи постепен пад од блиску 10% во вкупниот број на запишани ученици во основно образование (Табела 7). Анализата на податоците според полот покажува дека 48% од запишаните учесници се од женски, а 52% од машки пол.

Табела бр. 7. Број на ученици запишани во основно училиште, на почеток на учебна година, според пол.

| | Вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|
| **2010/2011** | 204439 | 98951 | 105488 |
| **2011/2012** | 198856 | 96433 | 102423 |
| **2012/2013** | 195311 | 94695 | 100616 |
| **2013/2014** | 191051 | 92461 | 98590 |
| **2014/2015** | 192165 | 93106 | 99059 |
| **2015/2016** | 185992 | 89949 | 96043 |
| **2016/2017** | 192715 | 93334 | 99381 |
| **2017/2018** | 192448 | 93118 | 99330 |
| **2018/2019** | 188102 | 91208 | 96894 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2019/2020** | 187240 | 90500 | 96740 |
| **2020/2021** | 187555 | 90669 | 96886 |
| **2021/2022** | 186649 | 90608 | 96041 |
| **2022/2023** | 185099 | 89676 | 95423 |

Согласно податоците за запишување на ученици во основно образование за периодот 2010-2022 година, се забележува континуиран тренд на раст, со мали варијации, на бруто и нето стапките на запишување ученици во основно образование; односно, иако се забележува намалување на апсолутниот број на ученици во основно образование, постои поголем опфат на деца на возраст за основно образование во образовниот процес.Со оглед на малите разлики помеѓу бруто и нето стапките на запишување, во табела бр. 8 прикажани се само бруто стапките на запишување[24]. Анализата на стапките за запишување на учесници во основно образование според полот, не покажува значајни разлики.

Табела бр. 8. Бруто стапки на запишување ученици во основно образование, според пол.

| Бруто стапка на запишување во основно образование | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Женски** | **Машки** |
| **2010/2011** | 92,00 | 92,18 | 91,98 |
| **2011/2012** | 91,92 | 92,00 | 91,80 |
| **2012/2013** | 91,81 | 91,85 | 91,77 |
| **2013/2014** | 91,18 | 91,12 | 91,24 |
| **2014/2015** | 92,34 | 92,33 | 92,35 |
| **2015/2016** | 90,33 | 90,24 | 90,43 |
| **2016/2017** | 93,71 | 93,83 | 93,59 |
| **2017/2018** | 93,72 | 93,74 | 93,70 |
| **2018/2019** | 91,57 | 92,00 | 91,28 |
| **2019/2020** | 91,22 | 91,29 | 91,16 |
| **2020/2021** | 90,83 | 91,04 | 90,63 |
| **2021/2022** | 96,63 | 97,10 | 96,24 |
| **2022/2023** | 95,00 | 95,23 | 94,82 |

На почетокот на учебната 2021/2022 година, според регионот на живеење, повеќе од една третина од запишаните ученици доаѓаат од Скопскиот регион, по кој следува Полошкиот регион (15%) и Пелагонискиот регион (10%), односно речиси две третини од запишаните ученици доаѓаат од три региони. Источниот, Југоисточниот и Вардарскиот регион, секој со по 7%, имаат најнизок удел во вкупниот број запишани ученици. Анализата на податоците според полот на запишаните ученици, не откри значајни регионални разлики во половата структура на учениците.

Табела бр. 9. Запишани ученици во основно образование, според пол и регион, учебна година 2021/2022.

| Учебна година 2021/2022 | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Ученички** | **Ученици** |

[24] Појаснување од ДЗС: Бруто-стапка на запишување во основното образование претставува соодност помеѓу сите ученици запишани во основното образование и популацијата што е на возраст пропишана со Законот за основно образование. Нето-стапка на запишување во основното образование претставува соодност помеѓу учениците запишани во основното образование што е на возраст пропишана со Законот за основно образование и популацијата на иста возраст. Бруто и нето стапките на запишување во учебната 2021/2022 година, се пресметани како соодност помеѓу учениците во основното образование и резидентното население во Република Северна Македонија од спроведениот Попис, 2021.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | 186649 | 90608 | 96041 |
| **Вардарски регион** | 13016 | 6285 | 6731 |
| **Источен регион** | 12325 | 5990 | 6335 |
| **Југозападен регион** | 17226 | 8352 | 8874 |
| **Југоисточен регион** | 13758 | 6745 | 7013 |
| **Пелагониски регион** | 19580 | 9468 | 10112 |
| **Полошки регион** | 28014 | 13508 | 14506 |
| **Североисточен регион** | 15564 | 7564 | 8000 |
| **Скопски регион** | 67166 | 32696 | 34470 |

Анализата на податоци според етничката припадност на запишаните ученици во учебната 2021/2022 година покажа дека 53% од нив се Македонци, 33% Албанци, 6% Турци, 6% Роми и 3% од другите етнички заедници. Анализата на податоците според полот и етничката припадност, покажа разлики во процентот на запишани ученици според полот, според одделните етнички заедници. Имено, се забележува понизок процент на запишани ученички Власи, Бошњаци и ученици со „друга“ етничка припадност.

Графикон бр. 40. Ученици запишани во основно училиште во учебната 2021/2022, според пол и етничка припадност.




Согласно податоците за деца кои се отпишале од основно училиште и го прекинале школувањето, може да се забележи континуиран тренд на раст во периодот 2017-2022 година, од 2871 на 3313, што претставува зголемување од околу 15%. Исклучок претставува 2020/2021 година, при што намалувањето се претпоставува дека се должи на влијанието на рестриктивните мерки за патување во странство во текот на првата година од пандемијата на Ковид-19.

Статистичките податоци дополнително се разложени според причината за напуштање на образованието. Од нив може да се констатира дека уделот на ученици кои си заминале од училиштето за да продолжат со образование на друго место има доминантен удел со тенденција на раст во годините под анализа. Од учениците кои си заминале, околу една третина се префрлиле во друго училиште во истото место на живеење, помалку од третина заминале во друго училиште во друга општина во државата, а доминира уделот на ученици кои го напуштиле основното образование дома за да продолжат со школување во други држави. Нешто помалку од половина од вкупниот број ученици го напуштиле основното училиште заради емиграција во странство. Овој процент, со исклучок на пандемиската 2019/2020 година, забележува благ пораст низ годините под анализа. Дополнително, се зголемува и процентот на ученици кои го

напуштиле основното училиште заради внатрешни миграции. Процентот на ученици кои менуваат училиште за да продолжат да учат во истото место на живеење е во пад и во последните две учебни години опфаќа помалку од третина од учениците кои се заминале од основното училиште.

Учениците кои го напуштиле школувањето имаат помалку од 10% удел во вкупниот број ученици кои си заминале и го напуштиле основното образование. Важно е да се напомене дека во периодот под анализа процентот ученици кои го прекинале школувањето во основно образование има евидентна тенденција на пад, и во апсолутна и во релативна смисла, од 15% во учебната 2017/2018 на 8% од бројот на деца кои си заминале или го напуштиле основното образование во учебната 2021/2022.

Важно е да се нагласи дека повеќе од половина, а во одредени учебни години и блиску до две третини од учениците кои го прекинале основното образование (со тенденција на зголемување на овој процент), тоа го направиле во одделенијата I до IV; околу 15% тоа го направиле во V одделение; помалку од 10% во VI одделение, нешто повисок процент на заминувања се случуваат во VII и VIII одделение.

Табела бр. 10. Ученици кои си заминале и го прекинале школувањето, според причина, по учебни години.

| | 2017/2018 | 2018/2019 | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно – ученици кои заминале и го прекинале школувањето | 2871 | 2797 | 2544 | 2007 | 3313 |
| Вкупно ученици кои заминале | 2437 | 2506 | 2320 | 1824 | 3063 |
| Ученици кои заминале во друго училиште во истото место на живеење | 876 | 887 | 781 | 48 | 919 |
| Ученици кои заминале во друго училиште во Република Северна Македонија | 403 | 407 | 456 | 301 | 631 |
| Ученици кои заминале во други држави | 1095 | 1077 | 1006 | 35 | 1414 |
| Непознато – ученици кои заминале | 3 | 35 | 7 | 0 | 9 |
| Вкупно ученици кои го прекинале школувањето | 34 | 91 | 24 | 83 | 50 |
| Ученици кои го прекинале школувањето од I - IV одделение | 34 | 64 | 20 | 9 | 44 |
| Ученици кои го прекинале школувањето во V одделение | 9 | 3 | 1 | 5 | 2 |
| Ученици кои го прекинале школувањето во VI одделение | 1 | 5 | 9 | 7 | 2 |
| Ученици кои го прекинале школувањето во VII одделение | 1 | 8 | 9 | 4 | 3 |
| Ученици кои го прекинале школувањето во VIII одделение | 5 | 9 | 1 | 7 | 4 |
| Непознато – ученици кои го прекинале школувањето | 4 | 2 | 4 | 1 | 5 |

## 6.3. Средно образование

Во периодот под анализа, бројот на ученици во средните училишта останува релативно стабилен, со варијации од 69227 до над 94000 учесници по учебна година. Според полот, постојат варијации[25], при што уделот на ученичките процентот се движи помеѓу 47,2% (2016/2017) до 49% (2019-2022), додека кај учениците од 51,1% (2021/2022) до 52,8% (2016/2017).

[25] Учебни години: меѓу 2010/2011 до 2022/2023.

Табела бр.  11. Број на ученици запишани во средно училиште на почеток на годината, според пол.

| | Вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|
| **2010/2011** | 94155 | 45292 | 48863 |
| **2011/2012** | 93064 | 44884 | 48180 |
| **2012/2013** | 89884 | 42975 | 46909 |
| **2013/2014** | 86418 | 41186 | 45232 |
| **2014/2015** | 83522 | 40376 | 43146 |
| **2015/2016** | 80295 | 38330 | 41965 |
| **2016/2017** | 76394 | 36038 | 40356 |
| **2017/2018** | 71458 | 34059 | 37399 |
| **2018/2019** | 71650 | 34218 | 37432 |
| **2019/2020** | 69980 | 33683 | 36297 |
| **2020/2021** | 71811 | 35200 | 36611 |
| **2021/2022** | 71018 | 34801 | 36217 |
| **2022/2023** | 69227 | 33825 | 35402 |

Етничката структура на учениците, исто така, останува релативно стабилна во периодот под анализа. Во учебната 2021/2022 во средните училишта учеле 61% Македонци, 30% Албанци, 4% Турци, 2% Роми и 5% од другите етнички заедници. Анализата на половата и етничката структура на учениците во средните училишта не покажа значајни разлики според полот во рамки на поединечните етнички заедници: позначајни полови разлики се забележуваат кај турската, ромската, влашката и бошњачката етничка заедница, при што процентот на запишани ученици од машки пол покажува поголеми отстапувања од генералната полова дистрибуција на населението на оваа возраст.

Табела бр.  12. Запишани ученици во средни училишта, според пол, процент од удел на ученици од иста етничка група запишани во учебната година.

| | | 2017/2018 | 2018/2019 | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Женски** | **Македонци** | 50% | 49% | 50% | 50% | 50% |
| | **Албанци** | 47% | 48% | 49% | 48% | 48% |
| | **Турци** | 46% | 47% | 45% | 47% | 48% |
| | **Роми** | 45% | 47% | 45% | 46% | 48% |
| | **Власи** | 46% | 46% | 52% | 50% | 49% |
| | **Срби** | 42% | 47% | 53% | 51% | 45% |
| | **Бошњаци** | 47% | 49% | 47% | 44% | 49% |
| | **Други** | 47% | 47% | 43% | 45% | 44% |
| **Машки** | **Македонци** | 50% | 51% | 50% | 50% | 50% |
| | **Албанци** | 53% | 52% | 51% | 52% | 52% |
| | **Турци** | 54% | 53% | 55% | 53% | 52% |
| | **Роми** | 55% | 53% | 55% | 54% | 52% |
| | **Власи** | 54% | 54% | 48% | 50% | 51% |
| | **Срби** | 58% | 53% | 47% | 49% | 55% |
| | **Бошњаци** | 53% | 51% | 53% | 56% | 51% |
| | **Други** | 53% | 53% | 57% | 55% | 56% |

Големо мнозинство (помеѓу 97% и 98%) од учениците средното образование го завршуваат во државните средни училишта. Помеѓу 2% и 3% од учениците средно образование посетуваат во приватни училишта.

Кога станува збор за стапките на запишување во средно образование, во периодот под анализа тие остануваат под нивото на стапките на запишување во основно образование и покрај фактот што средното образование е задолжително во Република Северна Македонија. Во периодот под анализа[26], вкупната бруто стапка на запишување ученици во средното образование се движи помеѓу 78,9 и 85,6. Разлики според полот се присутни и најголемата разлика од 3,8% е забележана во учебната 2016/2017 година, во корист на момчињата. Во последните неколку учебни години овој јаз е намален, при што во учебната 2021/2022 се запишале 1,3% повеќе девојчиња во споредба со момчиња. Доколку ја анализираме бруто стапката на запишување, може да се констатира дека бележи тренд на намалување; сепак, фактот дека повеќе од 15% од населението во рамки на законски пропишаната возраст не е вклучено во средно образование покажува потреба од адресирање на ова прашање.

Табела бр. 13. Бруто стапки на запишување ученици во средно образование, според пол и учебна година.

| Бруто стапки на запишување | | | |
|---|---|---|---|
| | Запишани ученици | | |
| | Вкупно | Женски | Машки |
| **2010/2011** | 78,91 | 78,08 | 79,70 |
| **2011/2012** | 80,28 | 80,52 | 80,04 |
| **2012/2013** | 80,32 | 79,30 | 81,28 |
| **2013/2014** | 80,41 | 79,34 | 81,41 |
| **2014/2015** | 81,05 | 81,03 | 81,08 |
| **2015/2016** | 79,65 | 78,60 | 80,64 |
| **2016/2017** | 76,99 | 75,03 | 78,83 |
| **2017/2018** | 74,04 | 72,96 | 75,05 |
| **2018/2019** | 74,90 | 73,82 | 75,93 |
| **2019/2020** | 75,14 | 74,81 | 75,45 |
| **2020/2021** | 78,99 | 79,83 | 78,21 |
| **2021/2022** | 85,59 | 86,25 | 84,97 |
| **2022/2023** | 84,95 | 85,50 | 84,44 |

Во рамки на учебната 2021/2022, повеќе од една третина од учениците во средните училишта образование посетувале во Скопскиот регион – 36%; 15% оделе во средните училишта во Полошкиот регион, додека 11% во Пелагонискиот регион; 9% средно образование посетувале во Североисточниот и Југозападниот регион, 7% во Источниот, а 6% во Вардарскиот и Југоисточниот регион. Во најголем дел од регионите девојчињата учествуваат со 49% од вкупниот број ученици во регионот, а момчињата со 51%. Исклучок е Пелагонискиот регион, каде во учебната 2021/2022 имало запишано 48% девојчиња и 52% момчиња.

Податоци за бројот на ученици кои заминале и го прекинале школувањето се достапни за периодот меѓу учебните години 2017/2018 и 2021/2022. Од податоците може да се констатира дека бројот на ученици значајно варира и не е можно да се утврдат јасни трендови. Во апсолутни бројки, бројот на ученици во оваа категорија е понизок од истата категорија на ученици во основно образование.

[26] Стапките на запишување се анализираат за периодот меѓу учебните години 2010/2011 до 2022/2023.

Повеќе од две третини (помеѓу 66% и 78%) од оваа категорија претставуваат ученици кои си заминале од средното училиште.

Кога станува збор за причините за заминување од средното училиште, најголем дел од случаите се однесуваат на ученици кои заминале од учат во друго средно училиште во истото место на живеење. Уделот на овие ученици во групата кои заминале од училиштето се движи од 41% (2020/2021) до 55% (2021/2022). Уделот на ученици кои заминале за да учат во друго училиште во Република Северна Македонија варира помеѓу 15% (2018/2019 и 2021/2022) и 26% (2020/2021), додека уделот на ученици кои заминале од средното училиште за да заминат во странство варира помеѓу 16% (2017/2018 и 2019/2020) и 25% (2021/2022). Конечно, уделот на ученици кои го напуштиле училиштето од непознати причини варира помеѓу 9% (2021/2022) и 15% (2018/2019).

Помеѓу 22% (2018/2019) и 34% (2021/2022) од учениците во оваа категорија го прекинале школувањето. Уделот на овие ученици варира низ годините и не можат да се идентификуваат јасни трендови. Кога станува збор за годините во кои најчесто се прекинува средното образование, податоците покажуваат дека ова најчесто се случува во првите две години од средното образование. Во првата година од средното образование, образованието го прекинале помеѓу 26% (2021/2022) и 40% (2019/2020) од сите ученици што го прекинале образованието во периодот под анализа. Во втората година од средното образование образованието го прекинале помеѓу 23% (2018/2019) и 31% (2021/2022) од учениците што го прекинале образованието. Процентот на ученици што го прекинуваат образованието во третата и четвртата година има тенденција на опаѓање и во четвртата година се движи помеѓу 9% (2017/2018) и 20% (2020/2021).

Табела бр. 14. Ученици кои заминале и го прекинале школувањето во средно образование, според причини и по учебни години.

| | 2017/2018 | 2018/2019 | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно – ученици кои заминале и го прекинале школувањето | 1500 | 1667 | 1405 | 757 | 1721 |
| Вкупно ученици кои заминале | 1078 | 1304 | 1003 | 576 | 1130 |
| Ученици кои заминале во друго училиште во истото место на живеење | 562 | 654 | 475 | 236 | 619 |
| Ученици кои заминале во друго училиште во Република Северна Македонија | 195 | 193 | 236 | 151 | 167 |
| Ученици кои заминале во други држави | 177 | 264 | 156 | 136 | 277 |
| Непознато – ученици кои заминале | 144 | 193 | 136 | 53 | 67 |
| Вкупно ученици кои го прекинале школувањето | 422 | 363 | 402 | 181 | 591 |
| Ученици кои го прекинале школувањето во I година | 161 | 130 | 162 | 61 | 155 |
| Ученици кои го прекинале школувањето во II година | 123 | 84 | 99 | 44 | 186 |
| Ученици кои го прекинале школувањето во III година | 77 | 84 | 91 | 39 | 151 |
| Ученици кои го прекинале школувањето во IV година | 38 | 64 | 49 | 37 | 99 |
| Непознато – ученици кои го прекинале школувањето | 23 | 1 | 1 | - | - |

## 6.4. Деца со попреченост во образовниот систем

Податоци за бројот на деца со попреченост во образовен систем се достапни за периодот 2015-2022 година. Анализата на податоците според години покажува дека бројот на деца со попреченост во образовниот систем е релативно константен со мали годишни варијации. Сепак, анализата на податоците според полот на децата покажува дека значително повеќе момчиња се вклучени во образовен систем во споредба со девојчињата, чиј број е речиси двојно понизок во речиси сите години под анализа, што е конзистентно и со бројот на пријавени деца со попреченост според пол во рамки на Пописот и во административните статистики[27].

Табела бр. 15. Број на деца со попреченост во формално образование, по пол, по години.

| Година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на деца со попреченост во формално образование | 1.173 | 1.212 | 1.214 | 1.191 | 1.189 | 1.055 | 1.111 | 1.186 |
| Машки | 850 | 795 | 800 | 799 | 806 | 693 | 744 | 782 |
| Женски | 323 | 417 | 414 | 392 | 383 | 362 | 367 | 404 |

Кога станува збор за видот на образовна установа што ја посетуваат, може да се констатира дека значително е повисок бројот на ученици со попреченост што посетуваат специјални училишта, отколку ученици што се вклучени во редовни училишта[28]. Имено, може да се констатира дека иако се забележува тренд на зголемување на бројот на деца со попреченост кои посетуваат настава во регуларни училишта и дека овој број е двојно зголемен во периодот 2015-2022 година; сепак, овие ученици сочинуваат нешто повеќе од четвртина од сите ученици со попреченост во образовен процес. Близу три четвртини од децата со попреченост образование следат во специјални училишта. Сепак, треба да се има предвид дека сите податоци се однесуваат на деца со попреченост кои посетуваат образование во сегрегирана форма – во специјално училиште или во специјална паралелка како дел од регуларно училиште и дека нема податоци со кои може да се процени вкупниот број на деца со попреченост во образовен процес поради отсуството на податоци за деца со попреченост кои посетуваат настава во регуларни паралелки. Ова исто така оневозможува да се носат заклучоци во поглед на успешноста на политиките за инклузивно образование.

Анализата на податоците според МСКОБ/ISCED нивото на образование покажува дека повисок процент од деца со попреченост се вклучени во основно образование, во споредба со вклученост на овие деца во предучилишно образование и средно образование.

[27] Категоризацијата на образовните институции е направена согласно Меѓународната стандардна класификација на образованието (МСКОБ/ISCED) од 0-3 нивоа каде ISCED 0 се однесува на предучилишно воспитание и образование, ISCED 1 – основно образование (од прво до петто одделение), ISCED 2 – основно образование (шесто до деветто одделение) и ISCED 3 – средно образование. Податоците се однесуваат на деца со попреченост вклучени во специјални училишта, категоризирани како ISCED 0. Деца со попреченост кои се вклучени во регуларни училишта, категоризирани ISCED 1-3, не се дел од оваа статистика, бидејќи се сметаат за регуларни ученици.

[28] Појаснување: податоците за ученици со попреченост кои посетуваат регуларни училишта е нецелосна, бидејќи ги вклучува само учениците кои ги посетуваат овие училишта во рамки на специјални паралелки. Учениците кои се вклучени во наставата во рамки на регуларните паралелки, не се дел од оваа статистика.

Графикон бр. 41. Број на ученици со попреченост вклучени во образовен процес според МСКОБ/ISCED класификација, според години.




Бројот на специјални училишта за основно образование за ученици со попреченост во Република Северна Македонија варира во периодот под анализа[29] од 44 во учебната 2017/2018 на 36 во учебната 2021/2022. Бројот на ученици кои посетуваат основно образование во овие училишта исто така се намалува од 1165 во учебната 2017/2018 на 627 во учебната 2021/2022.

Кога станува збор за видот на специјални училишта, според видот на попреченоста на учениците, најголемиот број ученици имаат училиштата што обезбедуваат образование за деца со попреченост во менталниот развој. Бројот на овие училишта се намалува во периодот под анализа, од 38 на 30. Дополнително, во Република Северна Македонија има едно училиште за воспитно запуштени деца, едно училиште за деца со оштетен слух, две училишта за деца со оштетен вид, едно училиште за деца со оштетен слух и говор и едно училиште за телесно инвалидни деца.

Од аспект на половата структура на ученици во специјални основни училишта, може да се заклучи дека во најголемиот дел од нив бројот на момчиња е двојно повисок од бројот на девојчиња.

Табела бр. 16. Ученици со попреченост запишани во специјални училишта, според видот на попреченост, по учебни години.

| | | Вкупно | Попреченост во менталниот развој | Воспитно запуштени деца | Оштетен слух | Оштетен вид | Оштетен слух и говор | Телесно инвалидни деца |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017/18 | Вкупно | 1165 | 1040 | 7 | 65 | 34 | 10 | 9 |
| | Женски | 477 | 430 | 2 | 21 | 18 | 3 | 3 |
| | Машки | 688 | 610 | 5 | 44 | 16 | 7 | 6 |
| 2018/19 | Вкупно | 774 | 629 | 10 | 77 | 37 | 11 | 10 |
| | Женски | 268 | 220 | 1 | 23 | 18 | 3 | 3 |
| | Машки | 506 | 409 | 9 | 54 | 19 | 8 | 7 |

[29] Податоци се достапни за периодот меѓу учебните години 2017/2018 и 2021/2022.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019/20 | Вкупно | 741 | 521 | 7 | 82 | 113 | 10 | 8 |
| | Женски | 275 | 194 | - | 34 | 43 | 2 | 2 |
| | Машки | 466 | 327 | 7 | 48 | 70 | 8 | 6 |
| 2020/21 | Вкупно | 762 | 634 | 5 | 72 | 38 | 8 | 5 |
| | Женски | 281 | 229 | - | 29 | 18 | 3 | 2 |
| | Машки | 481 | 405 | 5 | 43 | 20 | 5 | 3 |
| 2021/22 | Вкупно | 627 | 503 | 4 | 74 | 35 | 7 | 4 |
| | Женски | 223 | 173 | - | 29 | 17 | 2 | 2 |
| | Машки | 404 | 330 | 4 | 45 | 18 | 5 | 2 |

Во прилог се презентирани податоци за бројот на деца со попреченост што завршиле специјално основно училиште, во периодот меѓу учебните години од 2017/2018 до 2021/2022. Разликите меѓу учениците според пол ги рефлектираат разликите воочени во поглед на бројот на ученици од различен пол запишани во специјални училишта, при што ова посебно изразено во училиштата за ученици со попреченост во менталниот развој, ученици со оштетен слух, телесно инвалидни ученици и воспитно-запуштени деца.

Табела бр. 17. Ученици со попреченост кои завршиле специјално основно училиште, според пол и по учебни години.

| Завршиле училиште | | Вкупно | Попреченост во менталниот развој | Воспитно - запуштени деца | Оштетен слух | Оштетен вид | Оштетен слух и говор | Телесно инвалидни деца |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017/2018 | Ученици - вкупно | 134 | 120 | 1 | 5 | 5 | 2 | 1 |
| | Женски | 56 | 49 | 1 | 1 | 3 | 2 | - |
| | Машки | 78 | 71 | - | 4 | 2 | - | 1 |
| 2018/2019 | Ученици - вкупно | 87 | 73 | 1 | 6 | 3 | 3 | 1 |
| | Женски | 36 | 32 | - | 3 | 1 | - | - |
| | Машки | 51 | 41 | 1 | 3 | 2 | 3 | 1 |
| 2019/2020 | Ученици - вкупно | 81 | 58 | 1 | 6 | 11 | 4 | 1 |
| | Женски | 29 | 23 | - | 2 | 2 | 2 | - |
| | Машки | 52 | 35 | 1 | 4 | 9 | 2 | 1 |
| 2020/2021 | Ученици - вкупно | 79 | 62 | 3 | 9 | 3 | 1 | 1 |
| | Женски | 28 | 22 | - | 4 | 2 | - | - |
| | Машки | 51 | 40 | 3 | 5 | 1 | 1 | 1 |
| 2021/2022 | Ученици - вкупно | 93 | 79 | 1 | 8 | 5 | - | - |
| | Женски | 35 | 30 | - | 3 | 2 | - | - |
| | Машки | 58 | 49 | 1 | 5 | 3 | - | - |

Во Република Македонија има вкупно четири специјални училишта за средно образование на деца со попреченост, од кои три се наоѓаат во Скопје (општини Гази Баба, Кисела Вода и Центар) и едно во Штип. Согласно податоците од ДЗС[30], во специјални училишта за средно образование во годините под анализа средно образование посетувале помеѓу 219 (во учебната 2018/2019) и 232 (2020/2021) ученици. Конзистентно, во сите години под анализа, постои голем полов јаз,

[30] Податоци се достапни за периодот меѓу учебните години 2017/2018 и 2021/2022.

при што бројот на ученички со попреченост е помал од една третина од вкупниот број ученици во дадената година.

Графикон бр. 42. Ученици со попреченост запишани во специјални средни училишта, според пол и по учебни години.




Кога станува збор за видот на специјално училиште според видот на попреченоста, специјалните средни училишта во Република Северна Македонија обезбедуваат образование за деца попречени во менталниот развој, за слепи и слабовидни деца и за глуви и наглуви деца. Анализата на податоците за бројот на ученици кои посетуваат специјални средни училишта според видот на попреченоста покажува дека големо мнозинство се вклучени во средно образование за деца со попреченост во менталниот развој, додека значително помал дел посетуваат училишта за глуви и наглуви деца, како и за слепи и слабовидни деца.

Графикон бр. 43. Ученици во специјални средни училишта, според видот на попреченоста, по учебни години.




Најголеми разлики според полот се забележуваат во специјалните средни училишта за ученици со пречки во менталниот развој, каде помалку од една третина од учениците се од женски пол. По нив следуваат училиштата за глуви и наглуви лица, додека не се забележуваат значајни разлики според полот во училиштата за слепи и слабовидни деца.

Табела бр. 18. Ученици запишани во специјални средни училишта, според пол и вид на попреченост, по учебни години.

| | | Вкупно | За лица попречени во менталниот развој | За слепи и слабовидни лица | За глуви и наглуви лица |
|---|---|---|---|---|---|
| 2017/2018 | Вкупно | 225 | 174 | 16 | 35 |
| | Ученички | 63 | 41 | 9 | 13 |
| | Ученици | 162 | 133 | 7 | 22 |
| 2018/2019 | Вкупно | 219 | 174 | 11 | 34 |
| | Ученички | 61 | 44 | 5 | 12 |
| | Ученици | 158 | 130 | 6 | 22 |
| 2019/2020 | Вкупно | 226 | 179 | 16 | 31 |
| | Ученички | 71 | 50 | 6 | 15 |
| | Ученици | 155 | 129 | 10 | 16 |
| 2020/2021 | Вкупно | 232 | 183 | 15 | 34 |
| | Ученички | 73 | 52 | 7 | 14 |
| | Ученици | 159 | 131 | 8 | 20 |
| 2021/2022 | Вкупно | 228 | 179 | 14 | 35 |
| | Ученички | 68 | 48 | 7 | 13 |
| | Ученици | 160 | 131 | 7 | 22 |

Уделот на ученици кои посетуваат специјално средно училиште и го завршиле школувањето не покажува значајни разлики според полот, доколку се земе предвид половиот јаз во специјалното средно образование констатиран во одредени училишта.

Табела бр. 19. Ученици со попреченост кои завршиле средно образование во специјални средни училишта, според пол и вид на попреченост, по учебни години.

| | | Вкупно | За лица попречени во менталниот развој | За слепи и слабовидни лица | За глуви и наглуви лица |
|---|---|---|---|---|---|
| 2017/2018 | Вкупно | 70 | 50 | 7 | 13 |
| | Ученички | 21 | 14 | 5 | 2 |
| | Ученици | 49 | 36 | 2 | 11 |
| 2018/2019 | Вкупно | 65 | 40 | 3 | 22 |
| | Ученички | 17 | 8 | 2 | 7 |
| | Ученици | 48 | 32 | 1 | 15 |
| 2019/2020 | Вкупно | 79 | 64 | 3 | 12 |
| | Ученички | 19 | 12 | 1 | 6 |
| | Ученици | 60 | 52 | 2 | 6 |
| 2020/2021 | Вкупно | 67 | 52 | 3 | 12 |
| | Ученички | 23 | 18 | 1 | 4 |
| | Ученици | 44 | 34 | 2 | 8 |
| 2021/2022 | Вкупно | 65 | 51 | 4 | 10 |
| | Ученички | 22 | 16 | 3 | 3 |
| | Ученици | 43 | 35 | 1 | 7 |

Податоците за деца со попреченост во формалното задолжително образование откриваат само дел од образовниот профил и состојби кај ова група деца. Не постојат податоци за бројот на деца со различни видови попреченост кои се вклучени во редовните училишта. Со оглед на

малиот број специјални училишта во државата, особено за средно образование, се поставува прашањето за достапноста на образование за деца од семејства со различен социо-економски статус и можноста да добијат образование кое ги адресира нивните потреби. Ова особено се однесува на алтернативни видови попреченост кои не се покриени во рамки на специјалните училишта во државата.

# 7. Деца – приматели на социјална помош и услуги

## 7.1. Деца под алтернативна грижа

Податоците за децата кои живеат под алтернативна грижа беа добиени од државните институции кои за овие податоци редовно известуваат во рамки на TransMonEE базата на податоци[31]. Податоците со кои се располага се за периодот 2015-2022 година. Од податоците може да се констатира дека бројот на деца под алтернативна грижа значајно варира низ годините, но и дека се забележува тренд на опаѓање на овој број (Графикон 44). Доколку се анализираат податоците за деца под алтернативна грижа според полот, може да се констатира дека додека во периодот 2015-2018 се забележува значајна разлика според полот, овие разлики се намалуваат значајно во периодот 2019-2022. Дополнително, се забележува континуиран тренд на намалување на бројот на деца кои влегле во формална резиденцијална грижа во текот на годината, од 119 во 2015 година, на само 4 во 2022 година.

Графикон бр. 44. Број на деца под алтернативна грижа, според пол и по години.




Согласно со намалувањето на бројот на деца кои влегле во формална резиденцијална грижа, низ годините се намалува и бројот на деца кои ја напуштиле формалната резиденцијална грижа. Од прегледот на причините за напуштање на формалната резиденцијална грижа (Графикон 45), може да се заклучи дека во периодот 2015-2017 доминантна причина за напуштање на формална резиденцијална грижа претставува посвојувањето, следено од семејното обединување. Во годините што следуваат, особено во 2018 и 2019 година, сместувањето во семејно-базирана грижа станува доминантна причина за напуштање на формалната резиденцијална грижа. Во периодот 2021 и 2022, висок процент на деца ја напуштиле формалната резиденцијална грижа поради започнување самостоен живот, како и други причини. Семејното обединување како причина за напуштање на формалната резиденцијална грижа има тенденција на намалување од 30% од случаите во периодот 2015-2017 година, на 17-19% во периодот 2020-2022 година.

[31] Потребно е да се забележи дека ова не се податоци добиени независно од институциите што се дел од националниот статистички систем – извор на податоците се надлежните националните институции, базата е користена заради олеснет пристап до сортирани податоци.

Графикон бр. 45. Број на деца што напуштиле формално-резиденцијална грижа според причината, по години.




Бројот на деца со попреченост под формална резиденцијална грижа  исто така значајно варира во периодот 2015-2022, од повеќе од 50 во 2015 и 2016 година, до 28 во 2022 година. Анализата на податоците според полот покажува дека половите разлики се намалуваат и доколку во 2015 бројот на момчиња со попреченост во формална резиденцијална грижа бил повеќе од двојно поголем од бројот на девојчиња, постои тенденција на изедначување во 2020 и 2021 година (исклучок е 2022 година).

Бројот на деца во семејно-базирана формална грижа е исто така во опаѓање. Од податоците (достапни за период 2020-2022 година) се забележува намалување од 436 (2020) на 369 деца во семејно-базирана формална грижа. Не се забележуваат значајни разлики според полот на децата. Од друга страна, се забележува зголемување на бројот на деца со попреченост сместени во семејно-базирана формална грижа од 34 во 2015 година, на 78 во 2022 година (најмногу деца со попреченост под овој вид на грижа се регистрирани во 2021 година - 97).

Бројот на деца кои се наоѓаат во згрижувачки семејства варира низ годините. Иако се забележува зголемување на бројот на деца сместени во згрижувачки семејства во периодот 2018-2021, во 2022 бројот на деца под ваков вид на грижа опаѓа на 256, што е поблиску до периодот 2015-2017 година. Истовремено, се забележува континуиран тренд на раст на бројот на деца со попреченост кои се сместени во згрижувачки семејства во периодот 2015-2022 година (Табела бр. 20).

Податоци за деца кои ги напуштиле згрижувачките семејства постојат само за 2022 година. Имено, во 2002 година, 49 деца, од кои 11 деца со попреченост, ја напуштиле формалната згрижувачка нега. Анализата на причините за напуштање на овој вид нега покажува дека 55% од нив ја напуштиле поради семејно обединување, 20% биле сместени под формална

резиденцијална грижа, 12% биле посвоени, 10% почнале самостојно да живеат , додека во 1 случај формалната згрижувачка нега била прекината поради смрт на детето.

Табела бр. 20. Број на деца на возраст 0-17 сместени во згрижувачки семејства, според пол и попреченост, на крајот од годината, по години.

| Година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на деца на возраст 0-17 во згрижувачки семејства, на крајот на годината | 238 | 247 | 274 | 302 | 317 | 332 | 346 | 256 |
| Од кои деца со попречености | 34 | 35 | 39 | 38 | 39 | 41 | 91 | 75 |
| Според пол | | | | | | | | |
| Момчиња | 108 | 121 | 139 | 156 | 174 | 173 | 166 | 129 |
| Девојчиња | 130 | 126 | 135 | 146 | 143 | 159 | 180 | 127 |

Податоци за бројот на деца во формална сродничка грижа постојат за периодот 2020-2022 година, при што бројот на деца под ваков вид на грижа се движи од 70 до над 100 деца. Не се покажаа значајни разлики според полот. Во споредба со децата сместени во згрижувачки семејства, значајно понизок е процентот на децата со попреченост кои се сместени во формална сродничка грижа (од 3 до 6 од децата под овој вид на грижа се со попреченост).

Во текот на 2022 година, 20 деца ја напуштиле формалната сродничка грижа[32]. Анализата на причините за напуштање на овој вид грижа покажува дека во 45% од случаите негата била прекината поради семејно обединување, во 15% од децата биле посвоени, 20% започнале самостоен живот и во 20% (или вкупно 4 случаи) негата била прекината поради смрт на детето.

Од достапните податоци за деца сместени во алтернативна грижа може да се заклучи дека бројот на деца под ваква грижа е во опаѓање и е преполовен во периодот 2015-2022 година. Согласно стратешките заложби што државата ги презема во поглед на деинституционализацијата, сместувањето во семејно-базирана грижа станува доминантна причина за напуштање на формалната резиденцијална грижа. Во контекст на ова, се забележува намалување и на бројот на деца со попреченост сместени во формална резиденцијална грижа. Сепак, согласно генералното намалување на бројот на деца под алтернативна грижа, се намалува и бројот на деца во семејно-базирана грижа, при што исклучок претставуваат децата со попреченост, меѓу кои бројот на деца што се наоѓаат во семејно-базирана грижа е во пораст.

## 7.2. Посвојувања на деца

Кога станува збор за посвојувањата, нивниот број во периодот 2015-2022 значајно варира, од најниски 17 во 2020, до 102 дете во 2016 година. Од достапните податоци за полот на посвоените деца низ годините (2020-2022) не се утврдени значајни разлики според полот во преференциите за посвојување дете. Анализата на податоците според поединечни години на возраст на посвоените деца, која е достапна само за 2020-2022 година, покажува дека помладите деца се почесто посвојувани, односно дека 17 од посвоените 19 деца во 2022 година биле на возраст од 0-6 години. Повеќе од третина од посвоените деца во 2022 година биле на возраст од една година или помлади. Од 19 деца посвоени во 2022 година, 2 биле со попреченост. Не постојат податоци за уделот на деца со попречености во бројот на посвоени деца во претходните години. Големо мнозинство од посвојувањата се во државата. Исклучително е мал бројот на случаи на посвојувања на деца од Северна Македонија од страна на семејства од странство.

---

[32] Податоци не се достапни за други години.

Графикон бр. 46. Број на посвоени деца, по години.




## 7.3. Корисници на додатоци за деца

Главен извор на податоци за деца кои користат помош и услуги на социјална заштита се министерството за труд и социјална политика и податоците објавени од ДЗС. Согласно податоците на ДЗС, може да се констатира дека бројот на корисници на додатоци за деца се намалува во периодот 2021-2022 за 552 деца или 549 семејства помалку кои добиле додатоци за деца во 2022 година, споредено со 2021. Намалувањето се забележува во рамки на сите категории (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за прво новороденче, еднократна парична помош за второ новороденче)[33]. Доколку се направи споредба на податоците во периодот 2011-2022, најголеми варијации се забележуваат во бројот на корисници на детски додаток; бројот на корисници на посебен додаток покажува мали варијации, додека бројот на корисници на еднократна парична помош за прво новороденче има тенденција на намалување; бројот на корисници на ваква помош за второ новороденче е речиси двојно зголемен во последните три години.

Доколку податоците се разгледуваат според центарот за социјална работа каде бил издаден додатокот, тогаш може да се констатира дека на ЦСР Скопје отпаѓаат 36% од случаите на доделување додатоци за деца; по него следува ЦСР Куманово со 11%; сите други центри за социјална работа поединечно имаат помалку од 7%.

Доколку додатоците се разгледуваат според типот, 70% од децата и 54% од семејствата што добиваат додаток за деца добиваат детски додаток; 11% од децата или 16% од семејствата се корисници на посебен детски додаток; 10% од децата или 16% од семејствата што добиваат додаток се приматели на еднократна парична помош за прво новороденче, додека 9% од децата или 14% од семејствата добиле еднократна парична помош за второ новороденче.

[33] Извор: Државен завод за статистика, Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2021 – 2022.

Табела бр.  21. Корисници на додатоци за деца, по години.

| Година | Детски додаток | | Корисници на посебен додаток | | Еднократна парична помош за прво новороденче | | Еднократна парична помош за второ новороденче | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број на деца | број на семејства | број на деца | број на семејства | број на деца | број на семејства | број на деца | број на семејства |
| **2011** | 22 626 | 11 450 | 6 504 | 6 286 | 8 778 | 8 624 | | |
| **2012** | 19 306 | 9 423 | 6 762 | 6 521 | 8 898 | 8 771 | | |
| **2013** | 17 463 | 8 811 | 6 916 | 6 666 | 8 521 | 8 406 | | |
| **2014** | 17 602 | 8 531 | 7 165 | 6 904 | 8 773 | 8 610 | | |
| **2015** | 14 762 | 7 397 | 7 104 | 6 917 | 8 472 | 8 403 | | |
| **2016** | 12 955 | 6 293 | 7 346 | 7 166 | 8 058 | 7 955 | | |
| **2017** | 11 300 | 5 122 | 7 301 | 7 085 | 7 729 | 7 594 | | |
| **2018** | 9 175 | 4 245 | 7 235 | 7 079 | 7 413 | 7 318 | | |
| **2019** | 29 696 | 13 827 | 6 917 | 6 693 | 6 704 | 6 660 | 2 941 | 2 938 |
| **2020** | 40 306 | 18 893 | 6 603 | 6 332 | 6 755 | 6 656 | 5 935 | 5 845 |
| **2021** | 42 969 | 20 783 | 6 550 | 6 318 | 6 306 | 6 295 | 5 840 | 5 832 |
| **2022** | 42 417 | 20 234 | 6 404 | 6 203 | 6 016 | 5 916 | 5 455 | 5 425 |

Кога станува збор за корисници на родителски додаток за деца (трето, четврто дете и единствен родителски додаток), се забележува намалување во периодот 2021-2022 година. Број на деца за кои родителите добиле родителски додаток за трето дете во 2021 изнесувал 25808 деца, а во 2022 вкупно 23200 биле покриени со родителски додаток за трето дете, што претставува намалување за околу 11%. Додаток за четврто дете во 2021 година користеле семејства на 809 деца, а во 2022 овој број е намален на 756 деца, што претставува намалување за околу 7%. Во 2021 и 2022 имало две деца чии семејства користеле единствен родителски додаток. Кај сите три видови додатоци, во над 98% од случаите корисници се мајките.

Кога станува збор за дистрибуција на родителските додатоци за деца според центрите за социјална работа може да се констатира дека 37% од родителските додатоци за трето дете и 35% од додатоците за четврто дете биле под ЦСР Скопје; 13% од додатоците за трето дете и 10% од додатоците за четврто дете биле под ЦСР Тетово; 8% од додатоците за трето дете и 10% од додатоците за четврто дете биле под ЦСР Куманово, додека останатите центри за социјална работа поединечно имаат 0-6%.

Табела бр.  22. Корисници на родителски додаток за деца, по вид на додаток, по години.

| Години[34] | Родителски додаток за деца | | | | | | | | Единствен родителски додаток | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | трето дете | | | | четврто дете | | | | | | | |
| | | корисници | | | | корисници | | | | корисници | | |
| | број на деца | мајка | татко | старател/друго | број на деца | мајка | татко | старател/друго | број на деца | мајка | татко | старател/друго |
| **2011** | 8 249 | 8 236 | 8 | 1 | 910 | 906 | 3 | - | 3 | 3 | - | - |
| **2012** | 11 216 | 11 196 | 15 | 1 | 844 | 840 | 3 | - | 3 | 3 | - | - |
| **2013** | 13 799 | 13 773 | 20 | 2 | 856 | 848 | 7 | - | 3 | 3 | - | - |
| **2014** | 17 117 | 17 078 | 30 | 4 | 848 | 839 | 8 | - | 3 | 3 | - | - |
| **2015** | 20 930 | 20 877 | 45 | 4 | 833 | 823 | 9 | - | 3 | 3 | - | - |
| **2016** | 23 915 | 23 844 | 59 | 4 | 819 | 808 | 10 | - | 3 | 3 | - | - |
| **2017** | 26 684 | 26 591 | 79 | 5 | 813 | 802 | 10 | - | 3 | 3 | - | - |
| **2018** | 29 472 | 29 342 | 118 | 4 | 801 | 789 | 11 | - | 3 | 3 | - | - |
| **2019** | 30 124 | 29 987 | 132 | 5 | 798 | 787 | 11 | - | 3 | 3 | - | - |
| **2020** | 27 649 | 27 512 | 132 | 5 | 799 | 786 | 13 | - | 2 | 2 | - | - |
| **2021** | 25 808 | 25 685 | 117 | 6 | 809 | 795 | 14 | - | 2 | 2 | - | - |
| **2022** | 23 200 | 23 078 | 114 | 8 | 756 | 743 | 13 | - | 2 | 2 | - | - |

Во делот на малолетни корисници на социјална заштита, во текот на 2021 година имало вкупно 17432 корисници, а во 2022 овој број е намален на 15256 корисници, што претставува намалување од 14%. Корисниците на социјална заштита се поделени во неколку категории: деца без родители и родителска грижа, деца во семејства со брачни и семејни проблеми, деца во ризик, деца во судир со законот, деца со различен вид на попреченост. Заради полесна прегледност и анализа, податоците за децата со попречености ќе бидат презентирани одвоено.

Децата корисници на социјална заштита кои се без родители и родителска грижа учествуваат со 6% во сите случаи на социјална заштита на малолетници. 42% од случаите на обезбедена социјална заштита во рамки на оваа категорија се од страна на ЦСР Скопје, 8% од страна на ЦСР Битола, 6% од страна на ЦСР Прилеп, 5% од страна на ЦСР Кавадарци и ЦСР Куманово, додека кај другите центри тој процент изнесува помеѓу 0 и 3%.

Децата корисници на социјална заштита поради проблеми во семејството и бракот на родителите учествуваат со околу четвртина во сите случаи на обезбедена социјална заштита на малолетници. 34% од случаите на обезбедена ваква заштита се под ЦСР Скопје, 11% под ЦСР Тетово и ЦСР Гостивар, 7% под ЦСР Охрид, додека другите центри имаат помеѓу 0 и 4% од случаите.

Околу 10% од сите случаи на обезбедена социјална заштита се однесуваат на деца во ризик. 44% од обезбедената социјална заштита на деца во ризик биле под ЦСР Скопје, 10% под ЦСР Кавадарци, 8% под ЦСР Битола, додека другите центри за социјална заштита имаат учество меѓу 0 и 5% од случаите.

[34] Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2022, 2022

Околу 13% од сите случаи на обезбедена социјална заштита се однесуваат на деца во судир со законот. 47% од случаите на обезбедена социјална заштита на деца во ризик во 2022 година биле од страна на ЦСР Скопје, 22% од случаите биле под ЦСР Тетово, 5% под ЦСР Куманово, додека другите центри за социјална работа имаат меѓу 0 и 4% од случаите.

Табела бр. 23. Деца корисници на услуги на социјална заштита, по години.

| Година[35] | Деца без родители и родителска грижа | Проблеми во бракот и семејството | Деца во ризик | Деца во судир со законот |
|---|---|---|---|---|
| **2012** | 1 138 | 4 888 | | |
| **2013** | 1094 | 4037 | | |
| **2014** | 1052 | 3850 | | |
| **2015** | 999 | 3 677 | 1 034 | 2 195 |
| **2016** | 1 034 | 3 569 | 916 | 2 010 |
| **2017** | 1062 | 3515 | 896 | 1950 |
| **2018** | 1000 | 3608 | 1101 | 2537 |
| **2019** | 943 | 3661 | 992 | 2467 |
| **2020** | 982 | 4366 | 1798 | 1867 |
| **2021** | 1 152 | 4 577 | 1 875 | 2 267 |
| **2022** | 986 | 4 370 | 1 735 | 2 054 |

Кога станува збор за деца со попречености – корисници на услуги на социјална заштита, се делат на неколку категории: лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со телесен инвалидитет, лица со пречки во менталниот развој, аутизам, лица со комбинирани пречки во развојот и категорија други корисници на социјална заштита (која не нужно е врзана за одреден тип на попреченост). Споредбата на податоците помеѓу 2021 и 2022 година покажува тренд на намалување на корисниците на услуги на социјална заштита во рамки на речиси сите категории на попреченост, со исклучок на децата со аутизам и комбинирани пречки во развојот.

Социјалната заштита за деца со оштетен вид учествува со помалку од 1% од вкупниот број случаи на социјална заштита. Кога станува збор за уделот според центри за социјална работа, 19% од случаите се под ЦСР Струга, 17% под ЦСР Охрид, 13% под ЦСР Делчево, 11% под ЦСР Гостивар, 9% под ЦСР Битола, додека останатите центри имаат меѓу 0 и 6% од корисниците.

Социјалната заштита за децата со оштетен слух исто така учествува со помалку од 1% од вкупниот број случаи на социјална заштита. Според центри за социјална заштита, 15% од корисниците се под ЦСР Битола, 14% под ЦСР Кавадарци, 12% под ЦСР Охрид и ЦСР Делчево, 9% под ЦСР Кочани, додека останатите центри за социјална работа имаат помеѓу 0 и 7% од случаите.

Социјална заштита за децата со пречки во вербалната комуникација учествува повторно со помалку од 1% од вкупниот број корисници на социјална заштита на малолетни деца. Анализирано според центри за социјална работа, 21% од корисниците се под ЦСР Битола, и ЦСР Струга, 13% се под ЦСР Скопје, 10% се под ЦСР Делчево, а останатите центри за социјална работа имаат помеѓу 0 и 7% од корисниците.

Малолетните лица со телесен инвалидитет кои добиле услуги на социјална заштита учествуваат во вкупниот број обезбедени услуги со 5,9%. Анализирано според центри за социјална работа, најголем удел во корисници има ЦСР Тетово, 12% ЦСР Битола, 11% ЦСР Гевгелија и ЦСР Гостивар, 9% ЦСР Охрид, додека другите центри за социјална работа имаат помеѓу 0 и 7% од корисниците.

[35] Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2022, 2022

Социјалната заштита за малолетните лица со пречки во менталниот развој учествува со помалку од 9% од вкупниот број на случаи на обезбедена социјална заштита на малолетници во различни категории. Според центри за социјална работа, најголем број корисници има под ЦСР Охрид – 21%, 14% под ЦСР Кочани, 13% под ЦСР Кавадарци, 12% под ЦСР Тетово, додека на останатите центри за социјална заштита отпаѓаат меѓу 0 и 7% од корисниците.

На корисниците со аутизам кои користеле услуги на социјална заштита отпаѓаат 1,5% од вкупниот број на корисници на услуги. Според центри за социјална заштита, највисок процент, 29% од корисниците се под ЦСР Скопје, 17% под ЦСР Битола, 10% под ЦСР Велес, додека на останатите центри за социјална заштита отпаѓаат меѓу 0 и 7% од корисниците.

Услугите на социјална заштита за малолетни лица со комбинирани пречки во развојот учествуваат со 6,8% во вкупниот број корисници на услуги. Според центри за социјална работа, највисок процент на корисници има под ЦСР Тетово – 17% и ЦСР Скопје – 16%, додека на останатите центри за социјална заштита отпаѓаат меѓу 0 и 8% од корисниците.

Категоријата „други“ не нужно вклучува деца со попречености и овде е сместена од практични причини. Во ова категорија се вклучени речиси 15% од сите малолетни корисници на услуги на социјална заштита. Според центри за социјална работа, 26% од корисниците се под ЦСР Скопје, 11% под ЦСР Охрид, 9% под ЦСР Валандово и ЦСР Тетово, додека на останатите центри за социјална заштита отпаѓаат меѓу 0 и 6% од корисниците.

Табела бр. 24. деца со попреченост корисници на услуги на социјална заштита, по години.

| Година[36] | Деца со оштетен вид | Деца со оштетен слух | Деца со пречки во вербалната | Деца со телесен инвалидитет | Деца со пречки во менталниот | Аутизам | Деца со комбинирани пречки во | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2012** | 281 | 309 | 109 | 1015 | 2325 | 19 | 1103 | 3480 |
| **2013** | 268 | 302 | 107 | 974 | 2047 | 30 | 1097 | 1740 |
| **2014** | 265 | 274 | 111 | 899 | 1615 | 39 | 962 | 1674 |
| **2015** | 254 | 275 | 101 | 910 | 1 608 | 53 | 1 034 | 3 947 |
| **2016** | 272 | 273 | 104 | 1 027 | 1 698 | 59 | 1 154 | 3 357 |
| **2017** | 285 | 270 | 84 | 817 | 1364 | 97 | 948 | 3470 |
| **2018** | 283 | 271 | 89 | 904 | 1444 | 122 | 966 | 3647 |
| **2019** | 265 | 266 | 107 | 879 | 1272 | 127 | 950 | 3447 |
| **2020** | 149 | 186 | 199 | 1048 | 1399 | 183 | 1269 | 2816 |
| **2021** | 196 | 226 | 171 | 1 032 | 1 740 | 224 | 1 450 | 2 522 |
| **2022** | 143 | 140 | 120 | 905 | 1 337 | 228 | 1 037 | 2 201 |

[36] Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2022, 2022

# 8. Деца жртви на насилство и сторители на кривични дела

## 8.1. Деца жртви на насилство

Со оглед на фактот што не постои интегриран систем за следење на случаите на насилство врз деца, различните надлежни институции поединечно известуваат за регистрираните случаи на деца – жртви на насилство. Во рамки на ова поглавје, податоците за жртви на насилство ќе бидат презентирани во рамки на секторите во кои се регистрирани – полицијата, социјалните служби, здравствени институции, образовни институции.

Во поглед на децата – жртви на насилство и криминал регистрирани од страна на полицијата, податоци се достапни за периодот 2018-2022, при што можат да се забележат значајни варијации во бројот на регистрирани случаи, од 153 случаи во 2021, до 1104 случаи во 2022. Ваквите разлики не би можеле да се објаснат со нагло зголемување на бројот на случаи на насилство, туку повеќе би требало да имаат врска со промени во методологијата на собирање податоци.

Податоци за полот на децата - жртви на кривични дела се достапни само за 2022 година. Не постојат податоци според кои може да се утврдат трендови засновани на разлики според полот. Во 2022 година 661 (59,8%) од жртвите биле момчиња, а 443 (40,2%) биле девојчиња.

Анализа на податоци според возраста на децата според поединечни години не е можна, бидејќи вакви податоци се достапни само за 2022 година, додека за претходните години податоците се групирани според возрасни групи – 0-13 години и 14-17 години. Во рамки на овие две возрасни групи, помали варијации се забележуваат во рамки на возрасната група на деца 0-13 години, каде годишниот број на жртви на насилство варира помеѓу 58 (2019) и 72 (2021); поголеми варијации се забележуваат во рамки на возрасната група на 14-17 години, каде бројот на регистрирани деца варира од 81 (2021) до 519 (2022).

Графикон бр. 47. Број на деца - жртви на насилство, регистрирани од страна на полицијата, по години.




Кога станува збор за вкупниот број на деца жртви на насилство регистрирани во рамки на центрите за социјална заштита бројот варира низ годините, од 125 случаи во 2020 година, до 384 во 2022 година. Анализата на податоци според полот не покажува јасни трендови во поглед

на полот на децата кои почесто се жртви на насилство; во одредени години значајно доминираат деца од женски пол, додека ситуацијата е спротивна во 2022 година, кога 56% од жртвите биле од машки пол.

Графикон бр. 48. Број на деца жртви на насилство регистрирани од социјалните служби, според пол.




Не се достапни податоци за тоа колку од жртвите на насилство биле со попреченост. Анализа според поединечни години на возраст исто така не е можна, бидејќи податоците се групирани според возрасни групи: 0-5 години возраст, 6-10 години, 11-14 години, 15-16 години и 17 години. Доколку ги споредиме агрегираните податоци според возрасни групи, може да се констатира дека почесто се регистрирани жртви на насилство во рамки на возрасните групи 6-10 години и 11-14 години. Не се достапни податоци за деца жртви на насилство од страна на здравствените институции.

Податоци од образовните институции се достапни само за 2017, 2018, 2021 и 2022 година. Од страна на образовните институции регистриран е приближен број случаи како и од страна на институциите за социјална заштита, од 104 во 2017 година, до 374 во 2022 година. И овде не се регистрирани податоци за тоа колку од жртвите се деца со попреченост. Анализата на податоците според полот, согласно податоците од образовните институции, покажува дека во сите години, значајно повисок процент од регистрираните случаи на жртви се момчиња, дури и во годините кога институциите за социјална заштита имале значително повисок број на девојчиња регистрирани како жртви на насилство.

И во овој случај не се достапни расчленети податоци според поединечни години на возраст, туку случаите се групирани според возрасни групи: до 10 години возраст, 11-14 години возраст, 15-17 години возраст. Анализата на агрегираните податоци според возрасни групи покажува дека регистрираните случаи доминатно се однесуваат на деца од возрасната група 11-14 возраст, на која отпаѓаат повеќе од половина од регистрираните случаи во речиси сите години.

## 8.2. Деца сторители на кривични дела

Кога станува збор за деца кои се сомничат за сторени кривични дела и се наоѓаат во притвор, може да се констатира дека и овде постојат годишни варијации во бројот на деца кои биле сместени во притвор на крајот од годината. Бројот на овие деца во периодот 2015-2022 варира

помеѓу 8 (2019) до 29 (2021). Анализата на податоците според полот, во овој случај, покажа значајни разлики според полот на децата сместени во притвор. Доминираат момчиња во податоците од сите години, додека процентот на девојчиња е значително понизок, со исклучок на 2021 година кога повеќе од 30% од притворените деца биле од женски пол.

Графикон бр. 49. Број на деца во притвор според пол, на крајот од годината.




Бројот на деца задржани пред изрекување на санкција варира од 2 (во 2017 и 2018) до 7 (2015, 2022). Кога станува збор за деца во задржување по изрекување на санкција, односно деца кои биле обвинети и осудени за сторени кривични дела, кривичната постапка е завршена пред надлежниот орган и изречена е казна или институционална мерка[37]. И во овој случај постојат годишни варијации, кои се движат од 5 (2016 година) до 23 (2021 година). Бројот на девојчиња кај кои надлежен орган изрекол санкција за сторено кривично дело е незначителен, со исклучок на 2021, кога една третина од случаите на деца осудени за кривични дела се однесувале на девојчиња.

Согласно законодавството на Република Северна Македонија, за децата на возраст 14-15 години се изрекуваат дисциплински мерки, мерки за интензивиран надзор или сместување во образовна или воспитно-поправна институција. Кога станува збор за деца осудени на притворање (деца на возраст помеѓу 16 и 17 години), вакви казни биле изречени од 1-3 на годишно ниво во периодот 2015-2022 година. Во сите случаи станува збор за деца од машки пол.

## 8.3. Пристап до механизми за заштита на човекови права

За периодот 2015-2022 во базата на податоци TransMonEE е известувано и за пристапот до механизмите за заштита на човекови права. Главни извори на податоци се Првата детска амбасада Меѓаши и Народниот правобранител. Бројот на случаи варира значајно и се забележува значајна разлика помеѓу периодот 2015-2018 година, кога се регистрирани помеѓу 100-124 случаи, и периодот 2019-2022 кога се забележува значаен пораст со тренд на натамошен раст од 228 случаи (2019) на 450 случаи (2022). Бројот на случаи на деца со попречености е исклучително низок во периодот 2015-2018 година, и има тенденција на раст во годините што

[37] Видови казни или образовни мерки: препраќање во образовна институција; праќање во поправна институција; затвор за деца.

следат. Анализата на податоци според полот покажа дека има разлики помеѓу случаите на деца од различен пол низ годините, но не се забележуваат јасни трендови.

Графикон бр. 50. Број на деца чиј случај бил покренат од возрасно лице до независни механизми за заштита на човекови права, според статус на попреченост и пол, по години.



# 9. Адолесцентски бракови и раѓања

## 9.1. Раѓања кај адолесцентки

Главен извор на податоци за адолесецентските бракови и раѓања, покрај специјализираните анкетни истражувања, како Мултикластерското индикаторско истражување (MICS) кое во Република Северна Македонија последен пат беше спроведено во 2018 година, претставуваат резултатите од Пописот на населението, домаќинствата и становите. Од податоците добиени со Пописот, Во септември 2021 година во Република Северна Македонија имало 50630 девојчиња на возраст од 15 до 19 години.

Во рамки на групата адолесцентки на возраст 15-19 години, во рамки на Пописот 1000 девојки изјавиле дека имале родено едно или повеќе деца, што претставува 1,9% од вкупното женско население на оваа возраст. Меѓу девојчињата на оваа возраст што родиле деца, 76,6% родиле едно дете, 19,5% родиле две деца, а помалку од 3% родиле три или повеќе деца.

Стапката на раѓања кај адолесцентки изнесува 20 раѓања (19,7) на 1000 девојки на возраст 15-19 години. Доколку резултатите ги спoредиме со Мултииндикаторското кластерско истражување (МИКС)[38], што во Република Северна Македонија беше спроведено во 2018 и 2019 година, на примерок од повеќе од 4000 домаќинства, постои незначително намалување на стапката на раѓања меѓу адолесцентки, од 21 на 20.

Доколку податоците се анализираат според етничката припадност на мајката, прикажани во Табела бр. 25, може да се констатира дека процентот на девојчиња на возраст 15-19 години е највисок меѓу девојчињата од ромска етничка припадност, меѓу кои 13,1% од девојчињата меѓу 15-19 години имале родено едно или повеќе деца. Висок процент на адолесцентски раѓања (7%) има меѓу девојчињата на возраст 15-19 години попишани преку административни извори, поради што нивната етничка припадност останува непозната. Меѓу девојчињата од оваа возрасна група од турска етничка припадност 5,7% изјавиле при пописот дека имале родено едно или повеќе деца. Кај девојчињата од бошњачката етничка заедница овој процент изнесува 1,8%, додека кај албанската 1,1%. Кај девојчињата од македонската етничка заедница процентот на оние кои родиле изнесува 0,6%. Нешто повеќе од 2% од девојчињата од останатите етнички заедници изјавиле дека имале родено едно или повеќе деца.

Табела бр. 25. Вкупно женско население на Република Северна Македонија на возраст на 15-19 години според бројот на живородени деца, по етничка припадност, Попис 2021.

| | Женско население на возраст 15-19 години | Не родиле | 1 | 2 | 3 | 4 | 5+ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонска** | 25370 | 25215 | 126 | 26 | 3 | | |
| **Албанска** | 15447 | 15276 | 149 | 20 | 2 | | |
| **Турска** | 2224 | 2097 | 109 | 15 | 3 | | |
| **Ромска** | 1851 | 1609 | 164 | 62 | 11 | 5 | |
| **Влашка** | 198 | 198 | | | | | |
| **Српска** | 490 | 487 | 3 | | | | |
| **Бошњачка** | 553 | 543 | 10 | | | | |
| **Останати** | 458 | 447 | 10 | | 1 | | |
| **Не се изјасниле** | 11 | 11 | | | | | |
| **Административни извори** | 4021 | 3740 | 195 | 72 | 9 | 5 | |

[38] State Statistical Office and UNICEF. 2020. *2018-2019 North Macedonia Multiple Indicator Cluster Survey and 2018-2019 North Macedonia Roma Settlements Multiple Indicator Cluster Survey, Survey Findings Report*. Skopje, North Macedonia: State Statistical Office and UNICEF.

| | | |
|---|---|---|
| **Непознато** | 7 | 7 |

Анализата на податоци според општината каде живеат девојчињата што родиле покажува дека најмногу случаи на раѓања од страна на адолесцентки има во општините Струмица (94 деца родени од мајки на возраст помеѓу 15 и 19 години), Шуто Оризари (84 деца), Прилеп (69 деца), Битола (52) и Куманово (49).

Доколку податоците за адолесцентски раѓања ги вкрстиме со општината на живеење, можеме да идентификуваме во кои општини имаме поголема инциденца на адолесцентски раѓања според различна етничка припадност. Кај девојчињата на возраст 15-19 години од македонска етничка припадност, повисок процент на адолесцентски раѓања има во општините Центар Жупа (50%), Ранковце (9%), Старо Нагоричане (6,6%), Лозово (5,9%), Карбинци (4,4%), Зрновци (4,4%).

Кај девојчињата од албанска етничка припадност, повисок процент на адолесцентски раѓања се забележува во општините Крушево (7,9%), Сопиште (5,9%), Чашка (5,1%).

Кај девојчињата од турска етничка припадност, повисок процент на адолесцентски раѓања се забележува во општините Босилово (33,3%), Василево (21,3%), Карбинци (13,5%), Струмица (25,6%), Радовиш (13,9%).

Кај девојчињата од ромска етничка припадност, повисок процент на адолесцентски раѓања има во општините Штип (15,6%), Центар Жупа (9,4%), Прилеп (20,2%), Куманово (12,7%), Кочани (17,3%), Кичево (13,5%), Кавадарци (24,3%), Гостивар (9,8%), Виница (21,9%), Велес (27,3%), Битола (20,9%), Шуто оризари (9,8%), Чаир (9,4%).

Кај девојчињата од бошњачка етничка припадност, повисок процент на адолесцентски раѓања е забележан во општина Долнени (4%) и Велес (5,4%).

Интересно е што меѓу девојчињата попишани преку административни извори кои родиле едно или повеќе деца, висок е процентот во општина Шуто Оризари – 18,6%.

Доколку се разгледува местото на живеење (урбана/рурална средина), може да се констатира дека 54% од адолесцентките кои родиле едно или повеќе деца живеат во урбани средини, додека 46% живеат во рурални средини.

Табела бр. 26. Вкупно женско население на Република Северна Македонија на возраст на 15-19 години според бројот на живородени деца, според вид на населено место, Попис 2021.

| | | Возрасна група | Женско население на возраст 15-19 години | Не родиле | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 + |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | **Урбано** | 15-19 | 29220 | 28639 | 415 | 136 | 21 | 9 | |
| | **Рурално** | 15-19 | 21410 | 20991 | 351 | 59 | 8 | 1 | |

## 9.2. Адолесцентски бракови

Кога станува збор за адолесцентски бракови, на ниво на држава тие се почести кај девојчињата отколку кај момчињата – резултатите од спроведениот Попис покажуваат дека во 2021 година имало 260 момчиња на возраст 15-19 години кои изјавиле дека се во брак, наспроти 1355 девојки со ист брачен статус.

Од момчињата што изјавиле дека живеат во брачна заедница, анализирано според општината каде лицето е попишано, најмногу има во општина Струмица (32), Прилеп (26), Шуто Оризари (17), Битола (17) и Штип (14).

Бројот на девојчиња на возраст 15-19 кои во рамки на Пописот изјавиле дека живеат во брачна заедница е повеќе од пет пати поголем од момчињата - 1355. Анализата на податоци според општината каде овие девојчиња биле попишани покажува дека нивниот број е највисок во општина Струмица (104), Шуто Оризари (78), Прилеп (73), Радовиш (54), Гостивар (53), Тетово (48). Независно од апсолутните бројки, доколку се анализира уделот на адолесцентки во брак во рамки на возрасната група ма девојки на возраст 15-19 години се добива поинаква слика (Графикон бр. 51). Имено, во одредени општини, 10 и повеќе проценти од адолесцентките од соодветната возрасна група изјавиле дека се во брак – Долнени (10%), Василево (10%), Пласница (10%), Карбинци (12%), Лозово (10%). Сите наведени општини се рурални општини со главно мешан етнички состав.

Графикон бр. 51. Општини со највисок процент на адолесцентски (15-19) во бракови како дел од вкупниот број адолесценти на возраст 15-19 години



## 10. Економски карактеристики на децата на возраст над 15 години

За анализа на економските карактеристики на децата на возраст над 15 години беа користени податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021 година. Во рамки на ова поглавје беше анализирана вклученоста на децата на возраст 15-17 години, на пазарот на трудот, како и секторите на дејност во кои се вклучени овие деца. Податоците беа анализирани според поединечни години на возраст, пол, сектор на дејност и општини. Станува збор за население кое согласно правната рамка за задолжително средно образование би требало да биде вклучено во образовен процес. Сепак, со оглед на показателот дека околу 15% од младите на возраст за средно образование не се запишани во средно училиште, ова поглавје има за цел да истражи колкав дел од младите се вклучени на пазарот на труд како и спецификите на нивната економска активност.

Согласно Пописот, вкупното работоспособно население на возраст помеѓу 15 и 17 години изнесува 61211; 51% од нив се машки, додека 49% се женски. Од вкупното работоспособно население на 15 години – 20212, 2% или 339 се активни. Од 339 активни млади на 15 години, 20% или 69 се вработени, останатите 80% или 270 млади се невработени.

Графикон бр. 52. Население на возраст 15-17 според економскиот статус.




Вкупното работоспособно население на возраст од 16 години изнесува 20460 лица. Од нив, 586 лица или 3% се активни на пазарот на труд. Во рамки на вкупното активно население на оваа возраст, 21% или 125 лица се вработени, 79% или 461 млади се невработени.

Вкупното работоспособно население на возраст од 17 години изнесува 20539 лица. Од нив, 966 лица или 5% се активни на пазарот на труд. Од вкупното активно население на оваа возраст 271 или 28% се вработени, додека 695 или 72% се невработени.

Графикон бр. 53. Активно население според поединечни години возраст, според економскиот статус.




Согласно податоците од Пописот, вкупно 69 деца на возраст од 15 години, или 0,3% од населението на возраст од 15 години било активно на пазарот на трудот; 125 деца на возраст од 16 години, или 0,6% од популацијата на оваа возраст биле активни на пазарот на труд; како и 136 деца на возраст од 17 години, што претставува 0,7% од попишаното население на оваа возраст.

Доколку ги анализираме податоците според полот на децата, може да се забележат мали разлики меѓу децата на возраст од 15 години кои се активни на пазарот на труд – 55% или 38 деца се машки, додека 45% или 31 се девојчиња. Половиот јаз се зголемува значајно меѓу децата на возраст од 16 и 17 години. Имено, 65% или 81 од момчињата на возраст од 16 години биле активни на пазарот на труд, за разлика од 35% или 44 девојчиња на истата возраст. Меѓу децата на возраст од 17 години 69% или 187 се момчиња, додека 31% или 84 се девојчиња.

Графикон бр. 54. Вработено население на возраст 15-17 години, според поединечни години возраст и пол, Попис 2021.




Доколку ги анализираме секторите на дејност во кои се вклучени децата на возраст 15-17 години, постојат разлики според поединечните години на возраст. Меѓу децата на возраст од 15 години кои во 2021 биле активни на пазарот на труд, 74% се вклучени во секторот земјоделство, шумарство и рибарство; 12% од децата биле вработени во преработувачката индустрија; 4% во неидентификувани услужни дејности, 3% во трговија на големо/мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, додека во другите сектори на дејност нивното учество се движи помеѓу 0 и 1%.

Меѓу децата на 16 години возраст кои се вклучени на пазарот на труд, 49% работеле во секторот земјоделство, шумарство и рибарство; 16% работеле во преработувачката индустрија, додека 11% работеле во објекти за сместување и сервисни дејности со храна. Учеството во другите сектори на дејност се движи помеѓу 0-4%.

Меѓу децата на 17 години возраст 27% работат во секторот земјоделство, шумарство и рибарство; 21% работат во објекти за сместување и сервисни дејности со храна; 16% во преработувачката индустрија; 14% во трговија на големо/мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; учеството во другите сектори на дејност се движи помеѓу 0-4%.

Доколку ја анализираме половата структура според сектори на дејност, може да се констатира дека учеството на момчињата на сите години возраст изнесува 50% или повеќе проценти во сите сектори на дејност каде има активни млади лица на од соодветната возрасна група.

При анализата на половата структура на невработените активни млади лица на возраст помеѓу 15 и 17 години, може да се констатира дека доминираат момчињата – 58% од активното машко население на возраст од 15 години е невработено; таков е случајот и со 64% од момчињата на возраст од 16 години и 59% од момчињата на возраст од 17 години.

Потребно е да се забележи и дека за вкупно 2021 млади луѓе на возраст 15-17 години, односно 3% од вкупното работоспособно население на оваа возраст, економскиот статус останува непознат.

Доколку податоците се разгледуваат според општини, општини со највисок удел во работоспособното население на возраст од 15 години се Куманово (6%), Тетово (5%), Прилеп,

Битола, Гази Баба и Чаир со по 4%. Во категоријата активно население на 15 години возраст повисок процент има во општините Градско (8% момчиња и 13% девојчиња), Долнени (16% момчиња и 15% девојчиња), Кривогаштани (8% момчиња и 16% девојчиња), Теарце (12% момчиња и 6% девојчиња). Во општините со висок процент на активно население на возраст од 16 години, општини со висок процент на вработено активно население се Долнени (100% момчиња и 100% девојчиња), Кривогаштани (100% момчиња и 100% девојчиња), додека општини со висок процент на активно, но невработено население на оваа возраст се Градско (100% момчиња и 100% девојчиња) и Теарце (100% момчиња и 100% девојчиња).

Општини со повисок удел на работоспособно население на возраст од 16 години се Гази Баба (4%), Куманово (6%), Тетово (6%). Во категоријата активно население на возраст од 16 години повисок удел имаат општините Боговиње (9% момчиња и 7% девојчиња), Василево (5% момчиња и 7% девојчиња), Градско (5% момчиња и 29% девојчиња), Долнени (20% момчиња и 18% девојчиња), Кривогаштани (19% момчиња и 6% девојчиња), Карбинци (10% момчиња и 7% девојчиња), Теарце (10% момчиња и 6% девојчиња). Во општините со висок процент на активно население на возраст од 16 години, општини со висок процент на вработено активно население се Долнени (96% момчиња и 94% девојчиња), Кривогаштани (100% момчиња и 100% девојчиња). Од селектираните општини, висок процент на активно но невработено население имаат општините Боговиње (93% момчиња и 100% девојчиња), Василево (67% момчиња), Градско (1005 момчиња и 100% девојчиња), Карбинци (50% момчиња и 100% девојчиња), Теарце (100% момчиња и 100% девојчиња).

Во групата работоспособно население на возраст од 17 години, општини со повисок процент се Гази Баба (4%), Чаир (4%), Битола (4%), Куманово (6%), Тетово (5%). Активно население на возраст од 17 години во повисок процент имаат општините Долнени (35% момчиња и 20% девојчиња), Јегуновце (14% момчиња), Карбинци (12% девојчиња), Кривогаштани (18% момчиња и 28% девојчиња), Теарце (16% момчиња и 13% девојчиња), Сопиште (13% момчиња), Радовиш (12% момчиња и 12% девојчиња). Во општините со висок процент на активно население на возраст од 17 години, општини со висок процент на вработено активно население се Долнени (97% момчиња и 100% девојчиња), Карбинци (100% девојчиња), Кривогаштани (100% момчиња и 89% девојчиња). Од селектираните општини, висок процент на активно но невработено население имаат општините Јегуновце (100% момчиња), Радовиш (94% девојчиња), Сопиште (100% момчиња), Теарце (94% момчиња и 100% девојчиња), Тетово (91% момчиња и 87% девојчиња).

Доколку се анализира образовното ниво на невработените млади на возраст 15-17 години, може да се констатира дека висок е процентот на деца без образование или со незавршено основно образование. Меѓу активното невработено население на возраст од 15 години 6% се без образование, а дополнителни 7% немаат завршено основно образование. Меѓу истата категорија на возраст од 16 години, 5% немаат образование, 7% се со незавршено основно образование, додека останатите 88% имаат завршено основно образование. Во рамки на групата активни невработени млади на возраст од 17 години 4% немаат образование, 5% немаат завршено основно образование, 78% имаат завршено основно образование, додека 12% имаат завршено средно образование.

Доколку се анализира економскиот статус на младите на возраст 15-17 години според видот на работен ангажман се забележуваат разлики според поединечните години возраст. Меѓу младите на возраст од 15 години, 14% се вработени за плата; меѓу оваа група млади нема работодавци, додека 17% работат за сопствена сметка. Повеќе од половина, односно 58% се ангажирани како неплатени семејни работници, додека 10% имаат друг економски статус. Анализирани според половата структура, податоците покажуваат еднаков удел помеѓу момчињата и девојчињата во категоријата неплатени семејни работници; уделот на момчињата е за 50% повисок во другите категории.

Меѓу младите кои се активни и ангажирани на пазарот на труд на возраст од 16 години, 34% имаат статус на вработени, ниту еден не е работодавец, додека 14% работат за сопствена сметка. Околу третина, односно 32% работат како неплатени семејни работници. За 19% од овие млади, категоријата на економска активност е „друго“, односно различна категорија на економска активност од предложените. Анализирано според полот две третини или повеќе во рамки на секоја категорија економски активни млади се од машки пол.

Во рамки на групата економски активни млади на возраст од 17 години, 57% се ангажирани како вработени, повторно нема работодавци во оваа група, додека 6% работат за сопствена сметка. Околу четвртина, односно 24% се ангажирани како неплатени семејни работници, додека за 17% економскиот статус е друг. И меѓу оваа група млади, повеќе од две третини од економски активните млади во сите категории се од машки пол.

Графикон бр. 55. Вработени млади на возраст 15-17 години според економскиот статус.



# 11. Заклучок

Детската популација (0-17,99 години) во Република Македонија во периодот на спроведување на Пописот на население, домаќинства и станови во 2021 година брои 372558 лица, што претставува 20,3% од вкупното резидентно население регистрирано со Пописот. Населението на возраст под 14 години сочинува 16,9% од вкупното резидентно население, што е слично со државите од Европа. Потребно е да се констатира дека во државата бројот на раѓања во периодот 2010-2022 е во опаѓање, при што во 2022 се родиле 25,6 % помалку деца во споредба со 2010 година. Бројот на раѓања е во опаѓање и во сите региони без исклучок, при што Југоисточниот регион се издвојува според најголемиот пад во бројот на родени деца, следен од Пелагонискиот регион, додека најмало намалување во бројот на раѓања е забележано во Скопскиот регион.

Стапката на неонатална смртност значително варира во последната деценија со високи 10,2 смртни случаи на 1000 живородени во 2016 година и најниска стапка достигната во 2022 година од 1,4 смртни случаи на 1000 живородени. Слични варијации се забележуваат и кај стапката на смртност кај деца под петгодишна возраст. Се забележуваат значајни варијации низ годините, при што 2016 година е годината во која е достигнат десетгодишен максимум – 12,9 смртни случаи на 1000 деца, со тренд на намалување до десетгодишниот минимум од 2022 година – 3,8 смртни случаи на 1000 деца под петгодишна возраст. Анализата на податоците според етничката припадност на децата кои се дел од статистиката за неонаталната смртност покажува поголемо учество на одредени етнички заедници (албанската, ромската), што е повеќе од уделот на овие заедници во бројот на живородени деца на годишно ниво.

Утврдување на бројот и состојбите на децата со попреченост претставува континуиран предизвик. Податоците од Пописот со вклучувањето на Вашингтонската група прашања дава само парцијален преглед на попреченоста кај детската популација. Повеќе податоци се обезбедуваат во рамки на административните статистики, но треба да се има предвид дека овие податоци не ги вклучуваат децата кои по било кој основ (користење помош и услуги) не се регистрирани од институциите на системот. Од податоците со резултати од Пописот, може да се утврди дека кај 2255 деца или ниски 0,6% од детската популација на возраст 0-17 години е пријавен некаков вид спреченост да се извршува одредена функција. Меѓу децата за кои е пријавено постоење на одреден вид попреченост, 1357 или 60% се машки, додека 898 или 40% се женски. Доколку овој број го споредиме со бројот на малолетни лица кои користеле социјални услуги поврзани со попреченост во 2021 година (повеќе од 5000 деца), може да се заклучи дека изјаснувањето по прашањата од Вашингтонската група може да даде само парцијален увид во поглед на постоење попреченост во рамки на детската популација во државата.

Кога станува збор за семејната структура на децата во Република Северна Македонија, значаен процент живеат во домаќинства со двајца родители и без други лица. Бидејќи податоците се собирани на ниво на домаќинство, околу 6% од резидентното население живее во домаќинства на мајка со дете/деца, при што во големо мнозинство од случаите живеат во домаќинството без други лица. Само 2% од резидентното население попишано во 2021 живеело во семејни домаќинства составени од татко со деца (со и без други лица). Анализирајќи го брачниот статус на родителите на новороденчиња во периодот 2010-2022 може да се констатира дека доминираат раѓања во семејства во кои партнерите се во брак – 88% од новороденчињата се родени во брачни, наспроти 12% кои се родени во вонбрачни заедници. Овој процент е стабилен низ годините, со минимални варијации.

Доколку ги анализираме податоците на национално ниво за имунизацијата во периодот 2016-2022, за вакцините Хепатит Б, МРП и ХПВ, може да се констатира дека во периодот под анализа не е постигнат опфат од 95% или повисок за ниту една вакцина на национално ниво. Вториот заклучок се однесува на значајно намалување на опфатот со вакцинација во периодот од 2020

година, односно од почетокот на пандемијата со Ковид 19. Во 2022 година опфатот со сите вакцини покажува тренд на зголемување, но сè уште е далеку од предпандемиските нивоа. Највисок опфат на национално ниво е постигнат со вакцинацијата против Хепатитис Б, додека најнизок опфат во континуитет има вакцинацијата против ХПВ.

Анализата на податоците според процентот на деца опфатени во системот на предучилишно воспитување споредено со бројот на деца на соодветната возраст попишани во 2021 година покажа дека опфатот на деца во предучилишни установи изнесува 49,4%. Потребно е да се забележи дека заклучно со 2022 година, во 16 општини не се регистрирани деца кои се вклучени во предучилишни установи. Доколку се земе предвид дека во општини во 2021 живееле 6616 деца на возраст за предшколско образование и воспитување, кои претставуваат 10,4% од детската популација на оваа возраст на национално ниво, може да се заклучи дека се потребни фокусирани напори за развивање на системот на предучилишно воспитание и образование да одговори на потребите.

Согласно податоците за запишување на ученици во основно образование за периодот 2010-2022 година, се забележува континуиран тренд на раст, со мали варијации, на бруто и нето стапките на запишување учесници во основно образование. Сепак, се забележува и зголемување на бројот на деца кои се отпишале од основно училиште и го прекинале школувањето, во периодот 2017-2022 година. Од податоците за причините за напуштање на училиштето може да се констатира дека уделот на ученици кои си заминале од училиштето за да продолжат со образование на друго место има доминантен удел со тенденција на раст во годините под анализа при што значаен дел го напуштиле основното училиште заради емиграција во странство. Кога станува збор за стапките на запишување во средно образование, во периодот под анализа тие остануваат под нивото на стапките на запишување во основно образование и покрај фактот што средното образование е задолжително во Република Северна Македонија - помеѓу 78,9 и 85,6. Позначајни полови разлики кај запишаните во средно образование се забележуваат кај турската, ромската, влашката и бошњачката етничка заедница, при што процентот на запишани ученици од машки пол покажува поголеми отстапувања од генералната полова дистрибуција на населението на оваа возраст. Кога станува збор за видот на образовна установа што ја посетуваат, може да се констатира дека значително е повисок бројот на ученици со попреченост што посетуваат специјални училишта, отколку ученици што се вклучени во редовни училишта.

Кога станува збор за раѓањата меѓу девојчиња на адолесцентска возраст (15-19 години), во рамки на Пописот 1000 девојки изјавиле дека имале родено едно или повеќе деца, што претставува 1,9% од вкупното женско население на оваа возраст. Меѓу девојчињата на оваа возраст што родиле деца, 76,6% родиле едно дете, 19,5% родиле две деца, а помалку од 3% родиле три или повеќе деца. Стапката на раѓања кај адолесцентки изнесува 20 раѓања (19,7) на 1000 девојки на возраст 15-19 години. Доколку резултатите ги споредиме со Мултииндикаторското кластерско истражување (МИКС), што во Република Северна Македонија беше спроведено во 2018 и 2019 година, на примерок од повеќе од 4000 домаќинства, постои незначително намалување на стапката на раѓања меѓу адолесцентки, од 21 на 20. Доколку податоците се анализираат според етничката припадност на мајката, прикажани во Табела бр. 25, може да се констатира дека процентот на девојчиња на возраст 15-19 години е највисок меѓу девојчињата од ромска етничка припадност, меѓу кои 13,1% од девојчињата меѓу 15-19 години имале родено едно или повеќе деца. Висок процент на адолесцентски раѓања (7%) има меѓу девојчињата на возраст 15-19 години попишани преку административни извори, поради што нивната етничка припадност останува непозната. Бројот на девојчиња на возраст 15-19 кои во рамки на Пописот изјавиле дека живеат во брачна заедница е повеќе од пет пати поголем од момчињата - 1355.

Вкупното работоспособно население на возраст помеѓу 15 и 17 години, според податоците од пописот изнесува 61211; 51% од нив се машки, додека 49% се женски. Од вкупното

работоспособно население на 15 години – 20212, 2% или 339 се активни. Од 339 активни млади на 15 години, 20% или 69 се вработени, останатите 80% или 270 млади се невработени. Од оние кои се вработени, доминираат неплатените семејни работници; со зголемувањето на возраста се зголемува и бројот на млади кои се вработени за плата.

# Анекс – листа на табели и графикони

Табела бр. 1. Удел на население на возраст 0-17 години во вкупното резидентно население, според регион....8

Табела бр. 2. Население на возраст 0-17 години, според етничка припадност, според број и процент во вкупната популација на оваа возраст....10

Табела бр. 3. Резидентно население на возраст 0-17 години, за кое е констатирана потешкотија во извршување на одредени функции, според видот на потешкотијата. ....15

Табела бр. 4. Број на родени деца според брачниот статус на родителите, по години. ....23

Табела бр. 5. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со пневмококна вакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година....40

Табела бр. 6. Опфат на деца на возраст 0-5,99 години во детски градинки/центри за ран детски развој, по општини....42

Табела бр. 7. Број на ученици запишани во основно училиште, на почеток на учебна година, според пол. ....44

Табела бр. 8. Бруто стапки на запишување ученици во основно образование, според пол. ....45

Табела бр. 9. Запишани ученици во основно образование, според пол и регион, учебна година 2021/2022....45

Табела бр. 10. Ученици кои си заминале и го прекинале школувањето, според причина, по учебни години. ....47

Табела бр. 11. Број на ученици запишани во средно училиште на почеток на годината, според пол. ....48

Табела бр. 12. Запишани ученици во средни училишта, според пол, процент од удел на ученици од иста етничка група запишани во учебната година....48

Табела бр. 13. Бруто стапки на запишување ученици во средно образование, според пол и учебна година....49

Табела бр. 14. Ученици кои заминале и го прекинале школувањето во средно образование, според причини и по учебни години....50

Табела бр. 15. Број на деца со попреченост во формално образование, по пол, по години. ....51

Табела бр. 16. Ученици со попреченост запишани во специјални училишта, според видот на попреченост, по учебни години....52

Табела бр. 17. Ученици со попреченост кои завршиле специјално основно училиште, според пол и по учебни години. ....53

Табела бр. 18. Ученици запишани во специјални средни училишта, според пол и вид на попреченост, по учебни години....55

Табела бр. 19. Ученици со попреченост кои завршиле средно образование во специјални средни училишта, според пол и вид на попреченост, по учебни години. ....55

Табела бр. 20. Број на деца на возраст 0-17 сместени во згрижувачки семејства, според пол и попреченост, на крајот од годината, по години....59

Табела бр. 21. Корисници на додатоци за деца, по години....61

Табела бр. 22. Корисници на родителски додаток за деца, по вид на додаток, по години. ....62

Табела бр. 23. Деца корисници на услуги на социјална заштита, по години. ....63

Табела бр. 24. деца со попреченост корисници на услуги на социјална заштита, по години..... 64
Табела бр. 25. Вкупно женско население на Република Северна Македонија на возраст на 15-19 години според бројот на живородени деца, по етничка припадност, Попис 2021. ..................... 69
Табела бр. 26. Вкупно женско население на Република Северна Македонија на возраст на 15-19 години според бројот на живородени деца, според вид на населено место, Попис 2021. ........ 70

Графикон бр. 1. Удел на вкупното население и населението на возраст 0-17, според регион. .... 9
Графикон бр. 2. Население на возраст 0-17 години, според тип на населено место (урбано/рурално), во проценти. ........................................................................................... 9
Графикон бр. 3. Број на раѓања за период 2010-2022 година, Република Северна Македонија и според региони. ..................................................................................................................... 10
Графикон бр. 4. Сооднос на полови при раѓање (број на родени деца од машки пол на 100 родени деца од женски пол) во Република Северна Македонија, за период 2010-2022. ........... 11
Графикон бр. 5. Стапка на неонатална смртност во Република Северна Македонија, 2010-2022. ......................................................................................................................................... 12
Графикон бр. 6. Број на умрени доенчиња во Република Северна Македонија, 2010-2022. ...... 12
Графикон бр. 7. Смртни случаи кај доенчиња под една година возраст, според етничка припадност, во проценти. ...................................................................................................... 13
Графикон бр. 8. Стапка на смртност кај деца под петгодишна возраст, 2010-2022. ..................... 14
Графикон бр. 9. Резидентно население на возраст 0-17 години со потешкотии за обавување одредени функции, според регион, во проценти. ............................................................ 15
Графикон бр. 10. Резидентно население според бројот на членови во домаќинството, во проценти, Попис 2021. .......................................................................................................... 16
Графикон бр. 11. Резидентно население кое живее во семејни домаќинства на брачни парови со деца, според број на членови во семејството, според тип на населено место, во проценти, Попис 2021. ......................................................................................................................... 17
Графикон бр. 12. Резидентно население што живее во домаќинства на брачни парови со деца без други лица, според тип на населено место, во проценти, Попис 2021. ................................. 18
Графикон бр. 13. Резидентно население што живее во домаќинства на брачни парови со деца со други лица, според тип на населено место, во проценти, Попис 2021. .................................. 18
Графикон бр. 14. Резидентно население што живее во домаќинства со невенчани парови и деца без други лица, според тип на населено место, во проценти, Попис 2021. ................................. 19
Графикон бр. 15. Резидентно население што живее во домаќинства со невенчани парови и деца со други лица, според тип на населено место, во проценти, Попис 2021. .................................. 20
Графикон бр. 16. Резидентно население што живее во семејни домаќинства на мајка со деца без други лица, според типот на населено место, во проценти, Попис 2021. .................................... 21
Графикон бр. 17. Резидентно население што живее во семејни домаќинства на мајка со деца со други лица, според типот на населено место, во проценти, Попис 2021. .................................... 21
Графикон бр. 18. Резидентно население што живее во семејни домаќинства на татко со деца без други лица, според типот на населено место, во проценти, Попис 2021. .................................... 22
Графикон бр. 19. Резидентно население што живее во семејни домаќинства на татко со деца со други лица, според типот на населено место, во проценти, Попис 2021. .................................... 23

Графикон бр. 20. Национален опфат со имунизација во Република Северна Македонија, во проценти, 2016-2022. ....... 26

Графикон бр. 21. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со вакцинација против Хепатитис Б во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 26

Графикон бр. 22. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со вакцинација против Хепатитис Б во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 27

Графикон бр. 23. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со прва ХиБ/ДиТеПер/ИПВ вакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 28

Графикон бр. 24. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со прва ХиБ/ДиТеПер/ИПВ вакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 29

Графикон бр. 25. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со ДиТеПер/ИПВ втора ревакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 30

Графикон бр. 26. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со ДиТеПер/ИПВ втора ревакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 30

Графикон бр. 27. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со трета ревакцинација ДиТе/ИПВ во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 31

Графикон бр. 28. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со трета ревакцинација ДиТе/ИПВ во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 32

Графикон бр. 29. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со четврта Те ревакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 33

Графикон бр. 30. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со четврта Те ревакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 33

Графикон бр. 31. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со МРП вакцина во 2022 година, споредба со 2021 година ....... 34

Графикон бр. 32. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со МРП вакцина во 2022 година, споредба со 2021 година ....... 35

Графикон бр. 33. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со МРП ревакцина во 2022 година, споредба со 2021 година ....... 36

Графикон бр. 34. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со МРП ревакцина во 2022 година, споредба со 2021 година ....... 36

Графикон бр. 35. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со ХПВ вакцина во 2022 година, споредба со 2021 година ....... 37

Графикон бр. 36. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со ХПВ вакцина во 2022 година, споредба со 2021 година ....... 38

Графикон бр. 37. ЦЈЗ/ПЕ со највисок опфат со рота вирус вакцинација во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 39

Графикон бр. 38. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат  со вакцинација против рота вирус во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 39

Графикон бр. 39. ЦЈЗ/ПЕ со најнизок опфат со пневмококна вакцина во 2022 година, споредба со 2021 година. ....... 41

Графикон бр. 40. Ученици запишани во основно училиште во учебната 2021/2022, според пол и етничка припадност. ....... 46

Графикон бр. 41. Број на ученици со попреченост вклучени во образовен процес според МСКОБ/ISCED класификација, според години. ........ 52

Графикон бр. 42. Ученици со попреченост запишани во специјални средни училишта, според пол и по учебни години. ........ 54

Графикон бр. 43. Ученици во специјални средни училишта, според видот на попреченоста, по учебни години. ........ 54

Графикон бр. 44. Број на деца под алтернативна грижа, според пол и по години. ........ 57

Графикон бр. 45. Број на деца што напуштиле формално-резиденцијална грижа според причината, по години. ........ 58

Графикон бр. 46. Број на посвоени деца, по години. ........ 60

Графикон бр. 47. Број на деца - жртви на насилство, регистрирани од страна на полицијата, по години. ........ 65

Графикон бр. 48. Број на деца жртви на насилство регистрирани од социјалните служби, според пол. ........ 66

Графикон бр. 49. Број на деца во притвор според пол, на крајот од годината. ........ 67

Графикон бр. 50. Број на деца чиј случај бил покренат од возрасно лице до независни механизми за заштита на човекови права, според статус на попреченост и пол, по години. ........ 68

Графикон бр. 51. Општини со највисок процент на адолесцентски (15-19) во бракови како дел од вкупниот број адолесценти на возраст 15-19 години ........ 71

Графикон бр. 52. Население на возраст 15-17 според економскиот статус. ........ 72

Графикон бр. 53. Активно население според поединечни години возраст, според економскиот статус. ........ 73

Графикон бр. 54. Вработено население на возраст 15-17 години, според поединечни години возраст и пол, Попис 2021. ........ 74

Графикон бр. 55. Вработени млади на возраст 15-17 години според економскиот статус. ........ 76